ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА УНГАРИЈА | БИОТЕРОРИЗАМ | БРИТАНСКИ ТЕНК „CHALLINGER 2“ | „STREIT COBRA“

# ШТИТ

Број 126
Април 2020

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СТАНА 30. ЗЕМЈА ЧЛЕНКА НА НАТО И ГИ ЗАПОЧНУВА ПРЕГОВОРИТЕ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ





# Армијата во поддршка на пол одржувањето на безбедноста





Министерството за одбрана и Армијата, со прогласувањето на вонредна состојба во Република Северна Македонија, презедоа дел од обврските на Министерството за внатрешни работи и овозможуваат полициските сили да ги фокусираат своите капацитети кон задачите, чија главна цел е почитувањето на воведените владини мерки за спречување на ширењето на вирусот COVID 19 . Претходно, врз основа на одлуката на претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, по одлуката на Владата за прогласување на кризна состојба во општините Дебар и Центар Жупа, за спроведување на мерките за спречување на ширење на вирусот, Армијата се вклучи во поддршка на овие единици на локалната самоуправа, во согласност со мисијата на Армијата за поддршка на населението во случај на поголеми заболувања и епидемии. Генералштабот на Армијата нареди ангажирање на единици на Армијата, врз основа на конкретните побарувања на Кризниот штаб во надлежност на локалната самоуправа. Армијата е ангажирана во поддршка на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за здравство за обезбедување и контрола на кризното подрачје и во поддршка на МВР за засилено



# ицијата за и јавното здравје



обезбедување на државната граница во регионот на Дебар. По дадените насоки за подготовка на единиците во зоната на одговорност во која влегуваат реоните кои се прогласени за кризни единици, припадници од составот на 3.пб од 1.мбр, веднаш по распоредувањето и дезинфекција на сместувачките и работни простории се вклучија во извршување на задачите. Инженерските единици на Армијата со својата опрема и машини интензивно работеа на расчистување на теренот во близина на Инфективната клиника. Припадниците на Воената полиција активно се вклучени во обезбедувањето на објектите кои се од витално значење, меѓу кои се Владата, Собранието и затворите во Скопје. Се врши реорганизација и зајакнување на обезбедувањето на резиденцијата на претседателот со армиско обезбедување. Обезбедувањето се врши во комбинирани тимови со единиците на полицијата.







# содржина

ШТИТ | година XII | број 126 | април 2020


Инфо 5

На прва линија
**Промоција на видео за привлекување на жените во Армијата и на Упатство за изведување родова обука** 6

НАТО-активности
**Прва работилница за вежбата „REGEX 20“** 8

НАТО и животната средина
**НАТО договори и стандардизација** 10

НАТО-армии
**Вооружените сили на Унгарија** 14

НАТО-активности
**НАТО - EADRCC вежба „Северна Македонија 2020“** 17

Едукација
**Самопожртвуваноста како тактика** 20

Вооружување
**Британски тенк „Challinger 2“** 32

Вооружување
**Хеликоптер „Aérospatiale Alouette“** 34

Вооружување
**„STREIT COBRA“ - Лесно оклопно мобилно возило 4x4** 36

Опрема
**НАТО ремен за часовник** 40

Глобал
**Трговијата со луѓе и илегалната миграција** 48

Глобал
**Што може да научиме од вирусот „Корона“?** 52

Филм
**„Зајакот Џоџо“** 56

# Историски моменти

Историски гледано, нашата татковина секогаш ги остварувала своите идеали на најтешкиот можен начин. Секој историски напредок бил скапо платен, со многу жртви, со големи напори, условувања и пречки. Со самото осамостојување и прогласување независност ние се определивме да чекориме самостојно, но и да се приклучиме во колективниот безбедносен „чадор“ на НАТО алијансата, а подоцна и да побараме членство во Европската Унија. Две најзначајни стратешки цели на нашата млада, но со вековни корени држава.
И, повторно, не ни беше лесно. Дваесет и пет години не успеавме да ги решиме проблемите што нè кочеа на патот.
Сепак, еве, овојпат успеавме. Само во последниве неколку години се направи тоа што не можеше со децении. Се најдоа решенија, се отстранија пречките, се исполнија условите и, конечно, стигнавме до целта. Република Северна Македонија стана 30. земја членка на најголемата воено-политичка алијанса во светот.
По 30 години чекорење кон оваа цел, ние сме дел од колективната одбрана, нашата безбедност е гарантирана и продолжуваме да чекориме водени од демократски принципи и вредности, уште поцврсто верувајќи во мирот, во прогресот, во добрососедските односи, во помагањето и заедништвото. Како дел од безбедносниот штит на најмоќниот воен сојуз во светот, станувама фактор за стабилност во регионот, извозник на безбедност, земја во која граѓаните и децата имаат сигурна иднина.
И, уште еден значаен историски момент го одбележа месец март. Република Северна Македонија официјално доби препорака за започнување на преговорите за членство во Европската Унија. Знам дека ќе ја оствариме и оваа цел, ќе работиме и сработиме сè што е потребно за да ги задоволиме строгите критериуми на „старата дама“ и ќе станеме дел од европското семејство.
А, сето ова ни се случи во еден тежок период, време на неочекувана светска здравствена криза, време на апокалиптичната борба на целиот свет со невидлив непријател кој носи болест, страдање и смрт.
Нашата држава, прв пат во својата историја прогласи вонредна состојба, воведе полициски час, ги мобилизираше сите свои капацитети за да се намалат последиците и да се совлада болеста. Во првите борбени редови се здравствените работници, веднаш зад нив армијата и полицијата – денонoќен ангажман, со болните, со недисциплинираните, со заглавените на границите....
Историски гледано, оваа светска пандемија претставува еден од најголемите предизвици за човештвото. Ние, како дел од општеството, треба да бидеме совесни граѓани на нашата заедничка и единствена татковина, да бидеме смирени, да бидеме одговорни и да бидеме солидарни еден кон друг. Ако си помагаме, ако се држиме заедно, сигурно ќе ја пребродиме и оваа тешка ситуација, како и многупати досега во нашата историја.
И, кога сето ова ќе помине, ќе можеме да славиме, да прославиме за нашите историски моменти и успеси како држава, но и да ја прославиме победата на животот над смртта.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Република Северна Македонија стана 30. земја членка на НАТО и ги започнува преговорите за членство во Европската Унија

Република Северна Македонија на 27 март 2020 година официјално стана членка на НАТО. По тој повод беше одржана свечена церемонија на кревање на македонското знаме во Седиштето на НАТО во Брисел. Македонското знаме, истовремено, беше кренато и во Главната команда во Монс и во Командата на НАТО за трансформации во Норфолк, САД.

На церемонијата во Норфолк по повод пристапувањето на Република Северна Македонија во НАТО беше прочитано обраќањето на министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, во кое таа го истакна значењето на нашето членство во НАТО и придонесот на Алијансата за мирот и стабилноста во светот и во регионот.

„Денес граѓаните на Република Северна Македонија ќе им се придружат на над милијарда луѓе кои стојат заедно за светскиот мир и просперитет и, нема зборови за да го искажеме нашето чувство на восхит и радост, изјави министерката Шекеринска.

Во обраќањето до македонската јавност по повод зачленувањето на нашата држава во НАТО, министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, исто така, истакна: „Денес, нашата генерација ја запиша својата прва историска победа. Денешниот датум – 27 март, е датум кој ќе влезе во учебниците на нашата историја. Тоа ќе биде датум на првиот голем успех на нашата независна и суверена држава. Таму ќе пишува дека, на 27 март 2020 година, Република Северна Македонија станала 30. членка на НАТО алијансата. Со денешниот финален чин на депонирање на Северноатлантскиот договор во Стејт департментот во Вашингтон, станавме полноправна, официјална, 30. земја членка на најмоќниот воено-политички сојуз“, истакна министерката Шекеринска.

На финалниот чин кон пристапувањето во НАТО алијансата му претходеше потпишувањето на Инструментот за пристапување на Република Северна Македонија кон НАТО од страна на претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски. По потпишувањето на Инструментот, претседателот Стево Пендаровски го истакна следното: „Со овој документ, јас, како претседател на државата, свечено изјавувам дека Република Северна Македонија пристапува кон Северноатлантскиот договор и се обврзува посветено да ги извршува и да ги спроведува сите одредби содржани во овој Договор. Почитувани граѓани, ова е последниот политички чин со кој нашата земја влегува и формално во НАТО алијансата. Вредеше што се вложивме, затоа што на нашите идни генерации им овозможуваме поголема стабилност, безбедност и просперитет. Нека ни е со среќа!“

Кон крајот на март од Брисел пристигна веста за започнување на преговори за членство на Република Северна Македонија во ЕУ. „Ова е голем успех за Република Северна Македонија и верификација на вложените напори, крај на нашето чекање од 15 години, по добивање на кандидатскиот статус за членство во ЕУ и признание за постигнатите резултати“, истакна премиерот Оливер Спасовски на задничката прес-конферненција во Владата со вицепремиерот за европски прашања Бујар Османи и министерот за надворешни работи Никола Димитров.

„Во исклучително тежок момент за нашата држава, за Европа и за целиот свет, од Брисел ни пристигна убава и долгоочекувана вест. Република Северна Македонија ги започнува преговорите за членство во ЕУ. Советот се согласи дека, нашата држава треба во најбрз можен рок да ги почне преговоирте за членство“, истакна премиерот.



# Родовата еднаквост е приоритет

## Промоција на видео за привлекување на жените во Армијата и на Упатство за изведување родова обука

Со цел да се промовира војничкиот позив и да се привлече вниманието на младите жени и девојки да го изберат војничкиот позив за своја професионална определба, во соработка и со поддршка на UN WOMAN – Скопје, беше изработено и промовирано анимирано видео, во кое на експлицитен и интересен начин е промовирана војничката професија како можност за избор на девојките и жените. А, за подоследно и унифицирано извршување на родовите обуки од страна на родовите обучувачи беше изработено и промовирано и Упатство за начинот на организирање и спроведување на родовите обуки во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија

Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија постојано преземаат активности за подигнување на свеста на вработените за родовата еднаквост и родовата перспектива. Во изминатиот период имаше повеќе активности на овој план. Беше изработено Упатство за спречување на вознемирување на работното место, беа назначени 36 родови советници во сите организациони единици на Министерството и во Армијата, како и посебен родов советник во Кабинетот на НГШ. Интензивно се работеше на подобрување на условите за работа на жените во Армијата, се зголеми бројот на жени во Армијата и жени на раководни места, беа промовирани жени во повисоки чинови, имаме жена аѓутант на претседателот на Република Северна Македонија, се зголеми бројот на НАТО сертифицирани родови обучувачи, а Националниот акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста е во финална фаза. Најголема заслуга во реализацијата на сите овие активности има Работната група за имплементација на родовата еднаквост и родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Членовите на работната група, на чело со координаторката и шефица на Кабинетот на министерката за одбрана, Катерина Ставреска, во континуитет покажуваат дека сериозно работат на имплементацијата на родовата еднаквост и родовите перспективи во обраната.

Со цел да се промовира војничкиот позив и да се привлече вниманието на младите жени и девојки да го изберат војничкиот позив за своја професионална определба, но и да се запознаат со некои основни принципи за остварувањето на родовата еднаквост во армиските редови, во соработка и со поддршка на UN WOMAN – Скопје, беше изработено и промовирано анимирано видео, во кое на експлицитен и интересен начин е промовирана војничката професија како можност за избор на девојките и жените. Видеото има цел да покаже дека жените и мажите во Армијата се еднакви и дека приоритет за Министерството за одбрана е воспоставување на целосна родова еднаквост и родова перспектива во армиските редови.



Исто така треба да потенцираме дека во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија се изведува обука за вработените на најразлични теми поврзани со родовата еднаквост и родовата перспектива во одбраната, како и родова обука за припадниците и припадничките на Армијата кои се подготвуваат за учество во мисиите во странство. За таа цел постои солиден басен од НАТО сертифицирани родови тренери кои ја изведуваат обуката. За подоследно и унифицирано извршување на овие обуки беше изработено посебно Упатство за начинот на организирање и спроведување на обуките. Ова Упатство беше промовирано заедно со видеото за привлекување на жените во армиските редови.
На промоцијата на видеото и Упатството која се одржа во Министерството за одбрана беа присутни членови на Работната група за имплементација на родовата еднаквост и родовата перспектива на чело со шефицата на Кабинетот на министерката за одбрана и координаторката на работната група, Катерина Ставреска, раководителката на Канцеларијата на UN Women во Скопје, Весна Ивановиќ-Кастаред, претставничка од Канцеларијата на НАТО во Скопје, како и повеќето други родови советници и родови обучувачи во МО и во Армијата.
На промоцијата се обратија шефицата на Кабинетот на министерката за одбрана Катерина Ставреска и раководителката на Канцеларијата на UN Women во Скопје, Весна Ивановиќ-Кастаред, кои заеднички заклучија дека меѓусебната соработка е на исклучително високо ниво и дека од оваа соработка произлегоа важни документи кои го воспоставуваат системот за целосна родова еднаквост во Армијата, меѓу кои се Упатството за организирање и водење на родова обука, Правилникот и Водичот за заштита од вознемирување, како и промовираното видео. Ставреска посочи дека Министерството интензивно и посветено работи на полето на родовата еднаквост, а пример за тоа, освен споменатите документи, е и сертифицирањето и поставувањето на 36 родови советници во Министерството и во сите единици на Армијата, чија задача е да го советуваат раководството, но и вработените за прашања поврзани со родовата еднаквост.
На промоцијата пред присутните беше прикажано видеото и сите беа задоволни од содржините кои беа пренесени преку видеото, особено дека на еден посебен начин, преку интересна анимација, се пренесуваат значајни пораки во врска со надминувањето на родовите стереотипи, како и со можностите кои ги нуди Армијата како професионална определба и за жените и за мажите како средина во која целосно се почитуваат човековите права и родовата рамноправност.
По прикажувањето на видеото, потполковничката и сертифициран родов обучувач, Антониела Станковска-Будимир, од името на членовите од работната група кои работеа на изработката на Упатството за начинот на организирање и спроведување на родовите обуки, детаљно ги запозна присутните со одредбите и прилозите содржани во Упатството. На крај, таа истакна дека целта на ова Упатство е, пред сè, да се унифицира начинот на изведувањето на обуките од страна на сертифицираните обучувачи, но и да се востанови систем на родови обуки со рамка и принципи за обука и дека Упатството претставува неопходна алатка за правилно изведување на родовите обуки. Потполковничката Антониела посочи дека самата практика треба да покаже во кој правец ќе се доработува и ќе се ажурира во иднина Упатството, со цел постојано да бидеме во тренд со потребите за што поцелосна имплементација на родовата еднаквост и родовата перспектива во одбраната.

д-р Жанет Ристоска





# Прва работилница за вежбата „REGEX 20“

Вежбата „REGEX“ (Regional Exercise) е резултат и продолжување на воената соработка на неколку земји во рамките на регионалната иницијатива започната во 2013 година. Оваа вежба е прва од ваков тип која се реализираше минатата година во нашата држава, воедно досега и најбројна од аспект на инволвираност на повеќе од 20 држави во текот на подготовка и реализација на вежбата. Се спроведе во согласност со стандардите на НАТО и со експертска и финансиска поддршка на Командата на здружените сили на НАТО во Неапол, Италија. Првата вежба во рамките на оваа регионална иницијатива се одржала во 2014 година во Турција, потоа наредните години во Грција, во Босна и Херцеговина, во Јордан, во Србија и во Северна Македонија, а сега истата вежба е во процесот на планирање во Мароко.

Иницијативата „REGEX“ ги поддржува целите на НАТО, а земјите партнери ги запознаваат процедурите на Алијансата преку градење доверба и разбирање за подобра соработка во регионот со промовирање на интероперабилноста. Станува збор за земјите од Партнерството за мир (Partnership for Peace/PfP), Медитеранскиот дијалог (Mediterranean Dialogue/MD), Истанбулската иницијатива за соработка (Istanbul Cooperation Initiative/ICI) и Партнерите низ целиот свет (Partners across the Globe /PatG)

Целта на вежбата е обука и подобрување на оперативните способности на командите и единиците на земјата домаќин и партнерските земји во планирање и извршување на операциите за поддршка на мирот во реално време и мултинационална средина. Станува збор за вежба на командно место, поддржана од компјутерски асистирани симулации со сценарио за операции за поддршка на мирот, водени од НАТО и од ООН.

За целото време НАТО обезбедува менторска поддршка за сите работилници при планирање на вежбата, како и за време на реализација на вежбата преку организирање и делување на една мултинационална бригада во согласност со процедурите и стандардите на НАТО. Командата на здружените сили на НАТО во Неапол е директен учесник во вежбата, односно ги планира и ги спроведува работилниците во соработка и координација со земјата домаќин.

### Мароко со активностите за „REGEX 20“

Од почетокот на Медитеранскиот дијалог во 1994 година, Мароко и НАТО одржуваат изразена и структурирана воена соработка, со јасно утврдени цели во рамките на овој дијалог. Со него се управува Програмата за индивидуална соработка и Програмата за индивидуално партнерство и соработка, одобрени од Северноатлантскиот совет во 2010 и во 2013 година соодветно. Во форма на мултидимензионален акционен план, особено се насочени за обука на воениот персонал и размена на експертиза, како и зајакнување на одбранбените способности и интероперабилноста. Воената вежба е насочена кон изградба и зајакнување на интероперабилноста во областите на оперативното планирање и подготовката на силите.



Вежбата „REGEX 20“ како меѓународно регионална иницијатива, во согласност со барањата и стандардите за обука на НАТО, оваа година ја презема Кралството Мароко, во корелација и соработка со Северноатлантската алијанса. Оттука, сите подготовки ќе се фокусираат на воената соработка помеѓу Кралските вооружени сили на Мароко и Командата на здружените сили на НАТО во Неапол, во насока на реализација на вежбата „REGEX 20“

Вежбата „REGEX 20“ како меѓународно регионална иницијатива, во согласност со барањата и стандардите за обука на НАТО, оваа година ја презема Кралството Мароко, во корелација и соработка со Северноатлантската алијанса. Оттука, сите подготовки ќе се фокусираат на воената соработка помеѓу Кралските вооружени сили на Мароко и Командата на здружените сили на НАТО во Неапол, во насока на реализација на вежбата „REGEX 20“. Првата официјална средба на високо ниво, а во насока на воената соработка помеѓу двете страни, се одржа во јануари 2020 година. Генералниот инспектор на штабот, генерал Abdelfattah Louarak, во текот на посетата од директорот на Меѓународниот воен штаб на НАТО, генерал Hans-Werner Wiermann, ги разгледа подготовките за регионална вежба на НАТО (REGEX 20), која ќе се одржи во текот на ноември 2020 година.

Наредниот период, претставниците на Мароко ги очекуваат интензивни работни состаноци, работилници и подготовки. За вежбата ќе биде изработено сценарио, оперативен план, план за вежбата, листа на настани и инциденти, планови за логистичка поддршка на силите, воспоставување и употреба на информации и комуникации, постапки за спроведување на безбедносни операции, операции за цивилно-воена соработка, информативни операции и слично.

### Учество на офицери од Армијата на Република Северна Македонија

За офицерите од Армијата на Република Северна Македонија, ова беше прва официјална посета на Кралството Мароко од ваков тип. Честа и одговорноста да се биде во една ваква улога и позиција е од големо значење за нашата армија. Полковникот Звонко Мајсторски и потполковникот Драган Павловски од Командата за операции во улога на директор и офицер, со примарна одговорност за вежбата „REGEX 19“, според двете позиции кои ги извршуваа при подготовка и реализација на вежбата, на покана од Командата на здружените сили на НАТО во Неапол, Италија, беа присутни на првата работилница за вежбата „REGEX 20“ која се одржа во главниот град Рабат.

Во рамките на регионалната иницијатива, старешините од нашата држава ја потврдија заедничката волја за зајакнување и продлабочување на соработката преку споделување на искуство и експертиза. Така, пред 21 партнерска и НАТО држава, беа одржани брифинзи за текот и реализација на вежбата „REGEX 19“ во Северна Македонија, со научените лекции од вежбата. На крајот голема благодарност и чест беше искажана за претставниците од Северна Македонија, за Армијата и за самата држава од страна на домаќините и на претставниците на НАТО.

Драган Павловски






# НАТО договори за стандард

Целта на НАТО договорот за стандардизација „СТАНАГ 7141“ е да ги стандардизира процедурите и да ја направи применлива Доктрината за заштита на животната средина, пред сè во процесот на планирање и реализација на воените мисии. Овој документ ги допира и останатите документи, пред сè примената на стандардот ИСО 14000 и тренингот и обуката на припадниците на армијата. Посебно се нагласува за околината во која се среќаваат припадниците на НАТО земјите и важноста од преземање на мерки за заштита и зачувување на животната средина.
Процесот на планирањето за заштита на животната средина опфаќа проучување на националните регулативи и прописи, како и на ратификуваните меѓународни договори на земјата домаќин. Нарушувањето на околината (се мисли на животната средина) мора да биде дел од пресметаните ризици со кои се соочуваат воените планери. Одлуката на командантите мора да биде во

Процесот на планирањето за заштита на животната средина опфаќа проучување на националните регулативи и прописи, како и на ратификуваните меѓународни договори на земјата домаќин. Нарушувањето на околината (се мисли на животната средина) мора да биде дел од пресметаните ризици со кои се соочуваат воените планери






# изација



согласност со овие пресметани ризици со цел заштита на сопствените сили од можни загрозувања и нарушувања на здравјето на луѓето. Тука се согледува умешноста на балансирање на секој одговорен за реализација на воените мисии и цели и одговорноста за заштита и унапредување на животната средина. Командантите со своите штабови мора да дефинираат кои активности би имале негативен ефект и во кој домен ќе влијаат за да ги намалат штетните ефекти од воените операции.

Карактеристики на опкружувањето кои можат да имаат негативен ефект или се во колизија со мисијата на воениот командант се:

- општите прилики на опкружувањето;
- климата;
- квалитетот на водата;
- природните извори, флора и фауна;
- присуството на опасни видови и критично население.

Потенцијалните ефекти од воените активности кон животната средина се следниве:

- Загадување на водата. Загадувањето на водата може да се случи од хумани извори (таканаречена црна вода), вода од перење и плакнење (сива вода), ерозија и непроверена дренажа и од дејството во текот на борбените операции.
- Загадување на воздухот. Загадувањето на воздухот најчесто е предизвикано од превозните средства, воздухопловите, горењето на отворен оган, користењето на пиротехнички и димни средства, при што се ослободуваат опасни материи.
- Контаминација со пестициди. Ова загадување на почвата (и храната) резултира од користењето на инсектициди, хербициди, разни дезинфекциски средства и други опасни материи.
- Контаминација со опасни ѓубрива. Опасните отпадоци, ако неправилно се третираат, предизвикуваат загадување и опасни проблеми на теренот каде се одвиваат воените операции.
- Контаминација со тврди отпадоци. Потеклото на тврдите отпадоци кои се најчесто отпадоци од градежни конструкции, ѓубре и друг отпад, се јавуваат во текот на сите воени операции. Неправилното управување со овој вид на отпад може да предизвика контаминација и загрозување на безбедноста на луѓето.
- Контаминација со медицински и инфективен отпад. Отпадот кој во себе содржи патогени и други бактерии и вируси кои може да предизвикаат разни заразни болести се во групата на инфективен отпад. Контролата и водењето на грижа за овој вид на отпад се многу важни и истите се третираат посебно од обичниот отпад.
- Масло и маслени деривати. Третманот на маслата и маслените отпадоци се круцијални за заштитата на почвата и водата.
- Звучни удари. Влијанието на звучните ефекти од воените дејствија но и од мирновременото работење е посебно штетно за животинскиот свет.
- Природни и културни извори на опасност. Скоро во сите воени операции можеме да се сретнеме со природните богатства, историските споменици и културните навики на локалното население. Не секогаш овие стандарди се во согласност на модерните општества од западните демократии и погледи на светот во кои денес живееме.

Значајно е овде да се напоменат пред се 5 стратегии и мерките кои воената организација ги препишува на НАТО командантите за намалување на изворите на загадување и заштита на животната средина:





Намалување на изворите-намалување или елиминирање на користење на опасни материи во текот на операциите.
Рециклирање-обновување на отпадоците пред се кои се користат во секој дневната употреба.
Повторно користење- По можност повторно користење на истите средства во текот на операциите или обуката.
Третман- Предавање на отпадот на места каде нема да предизвикаат опасност.
Распоредување- Сортирање на отпадот према видот (органски, тврд отпад, метал, дрво, пластика и сл.)
Посебно во овој СТАНАГ се нагласува обуката и тренингот за припадниците на армиите, членки на НАТО, во делот на осознавање на важноста од заштитата на животната средина. Обуката на припадниците на НАТО и посебно на воените команданти се спроведува систематизирано низ школите за обука по пат на курсеви, семинари и работилници.

**НАТО договорот за стандардизација, СТАНАГ 2510** е договор за стандардизација кој ја третира заштитата на животната средина а се однесува за начинот на кој се менаџира отпадот и побарувањата кои произлегуваат за време на операции водени од НАТО е изработен и усвоен во мај 2003 година. Истиот го имаат ратификуваат сите земји членки на НАТО алијансата.
Во овој СТАНАГ се наведува дека Базелската конвенција, која се однесува за прекуграничното превезување на опасни материјали е потпишана од страна на повеќе од 100 земји во светот. Загадувачот и сопственикот на опасните материјали



е должен да се придржува кон стандардите на ОН за третман на опасен отпад. Секако, командантите се должни да се придржуваат и кон националните регулативи и истите да ги применуваат ( иако националните стандарди најчесто се многу пониски од меѓународните).
Загадувачот е одговорен за животната средина и мора да ги применува принципите за третман и превема сите мерки за заштита.
Општите принципи за менаџирање на отпадот се:
а) секој отпад треба да се третира во согласност со хиерархијата (заштита, превенција, повторно користење, отпад опасен по здравјето и неопасен отпад).
б) менаџирањето и грижата за отпадот е логистичка задача.
в) ако не е предвидено со договорот СОФА, менаџирањето на отпадот да се покрие со Меморандум за разбирање помеѓу НАТО силите и земјата домаќин.
г) специјалистите за заштита на животната средина, превентивните медицинари, логистичарите и луѓето одговорни за набавки на средства и материјали за потребите на НАТО силите се должни да бидат вклучени во сите фази на операцијата со цел да укажат на добрата пракса.
д) проценка на состојбата и податоци за животната средина мора да се собираат, евалуираат и документираат пред, за време и по завршување на опрациите.
ѓ) третманот на отпадот има значителна финансиска импликација.
е) чувањето на отпадот бара посебни услови и инсталации, опрема и луѓе. Собирни пунктови по потреба можат да се инсталираат на одредени локации.
ж) внимателното одбирање на отпадот и негова категоризација го намалува количеството на отпадот и сите инволвирани се должни да придонесуваат за подобрување на состојбата.
з) каде што има и постојат локални инсталации за рециклирање на отпадот да е користат максимално.
Покрај овие насоки и инструкции, СТАНАГ дава сугестии за начинот на транспортирање на отпадот, неговото отстранување и третман. Покрај овие инструкции, значајно е да се напомене дека користењето на Европскиот каталог за отпад (Europian Waste Catalog), кој преставува листа на отпадоци и кој периодично се зановува на база на нови сознанија и податоци, ќе служи како водилка на лицата одговорни за менаџирање и третман на отпадот.

Каменко Аврамовски

# Нов статут на ОРОРСМ

Во фокусот на вниманието на 9. седница на Собранието на ОРОРСМ што се одржа на 9 март во Скопје, а со која раководеше претседавачот Љупчо Вуклсанов, беа поголем број актуелни прашања, при што беа усвоени повеќе документи, меѓу кои: Извештај за работата на ОРОРСМ во 2019 година; Програма за работа и Програма за обука во 2020; Статут на Организацијата; Извештај за материјално-финансиското работење во 2019 година. Во Извештајот за работата во 2019 година е констатирано дека се остварени респективни резултати во обуката. Овие резултати главно произлегуваат од успешната соработка со МО и ГШ на АРСМ и од одговорниот однос на раководствата на ООЕ, како и на Извршниот одбор на ОРОРСМ. Во однос на новиот Статут на Организацијата, беше оценето дека по десетина години, се усвојува современ статут како основен документ за работата со кои се уредуваат сите важни прашања за Организацијата. Со Статутот целосно се уредува соработката со МО, со ГШ на АРСМ и неговите команди, посебно со Командата на резервните сили. Практично е воспоставена редовна и треанспарентна соработка со МО и ГШ на АРСМ. Потврда на ова е и фактот што претставник на МО е член на Собранието и на Извршниот одбор и редовно учествува во работата на седниците на овие органи, а ги следи и позначајните активности на Организацијата на национално и на регионално ниво. Претставникот на МО, д-р Тони Петрески (раководител на Секторот за цивилно-воена соработка), учествувајќи во работата на седницата, ја нагласи потребата од рационално и наменско трошење на доделените финансиски средства од страна на МО и позитивно ја оцени работата на Комисијата за статутарни, организациони и кадровски прашања во подготовките на текстот на новиот статут. Покрај ова, се заложи за поголема родова и национална застапеност во органите и телата на Организацијата. Едно од позначајните прашања во Статутот е ограничувањето на мандатот на претседателот на ОРОРСМ на две години, со можност да биде избран уште еден мандат, за разлика од поранешното решение кога тој се избираше на четири години и со можност да биде избиран и натаму на неопределен број мандати. Собранието усвои Кодекс на однесување за членовите на Организацијата, а формира и Суд на честа. На Седницата е усвоена и одлука со која во ОРОРСМ се распишуваат редовни избори кои ќе се одржат од 1 ноември до 15 декември 2020 година.



# Работна посета

Во рамките на планираните активности, со Програмата за едукација и обука во 2020 година, неодамна, во касарната „Јане Сандански“ во Штип се оствари работна средба меѓу претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, и командантот на Вториот пешадиски моторизиран баталјон, потполковник Стојанче Костов. Во фокусот на вниманието на работната средба беа можностите за логистичка поддршка на Баталјонот во реализацијата на планираните содржини на ООЕ на ОРОРСМ од источниот дел на Р. Северна Македонија во едукацијата и обуката на резервните офицери и подофицери. Беше оценето дека во рамките на досегашната успешна соработка помеѓу АРСМ и ОРОРСМ, Баталјонот ќе даде целосна логистичка поддршка на планираните активности во 2020 година, при што, акцентот ќе биде ставен на практичните содржини (гаѓања со пешадиско оружје, кондиционо-едукативни маршеви, натпревари, вежби и слично).
Во кусиот разговор со д-р Гоце Георгиев тој, меѓу другото, изјави: „Соработката со АРСМ е клучен фактор за успешно остварување на големиот број задачи на ОРОРСМ во одбранбениот систем на Р. Северна Македонија. Во таа насока, во идниот период ќе ја интензивираме соработката со АРСМ, односно ќе се трудиме да ги искористиме кадровските ресурси и военотехничките средства со кои располага таа како организирана воена структура“.



# Организациско кадровско јакнење

Организацијата на резервните офицери, како активен субјект на одбранбениот систем, постојано е пред нови предизвици, во смисла на успешна реализација на голем број задачи од областа на безбедноста и одбраната. Во тој контекст, неопходно е ангажирање на поголем број активисти-членови на ОРОРСМ, кои ќе дадат придонес во збогатувањето на содржините во работата. Во контекст на ваквите определби, во ОРОРСМ се формирани пет комисии (Комисија за меѓународна соработка, чиј претседател е резервниот потпоручник Никица Бангиева; Комисија за обука, чиј претседател е резервниот поручник Борис Алчев; Комисија за слободарски традиции, чиј претседател е Божин Милосавлески; Комисија за материјално-финансиско работење, чиј претседател е Кирил Партенов и Комисија за информативно-издавачка дејност, чиј претседател е Живко Трајановски. Покрај нив, формирани се и три нови секции: Секција на резервни офицери-медицинари, чиј претседател е резервниот поручник, доктор Љупчо Пасинечки; Секција на резервни офицери-инженери и информатичари, чиј претседател е Крсте Јовчевски и Секција за спорт и воени вештини, чиј претседател е Златко Илиевски.



Во Кавадарци, во Валандово, во Богданци и во Дојран, се формирани, односно се обновени, поранешните ООЕ, а за претседатели на извршните одбори се избрани: Илија Трајков, Слободан Божинов и Златко Шутаров.
Во текот на април и на мај ќе бидат формирани уште пет нови ООЕ во: Гостивар, Струга, Дебар, Ресен и Крушево, со што вкупниот број ќе изнесува 31 ООЕ на ОРОРСМ.

Живко Трајановски

# Вооружените сили на Унгарија



Национален интерес на Унгарија е проширување на соработката со земјите од Централна, Источна и Југоисточна Европа. Својата безбедност ја базира на градењето на сопствени капацитети за одбрана, но и на Европската и на евроатлантските интеграции и други форми на меѓународна соработка. Учествува во мировни операции во рамките на ОН, на НАТО и на ЕУ и организира и обезбедува услови за влез и престој на сојузнички армии на нејзина територија (Host Nation Support). Главни задачи на унгарските одбранбени сили се:

- одбрана на независноста и на територијалниот интегритет на државата;
- придонес кон колективната одбрана во рамките на НАТО;

Унгарија е парламентарна република, членка на НАТО од 1999 г. и членка на ЕУ од 2004 г., со население од околу 10 милиони и површина од 93.000км2. Според Уставот на државата, во мирно време, за вооружените сили е надлежен министерот за одбрана, кој е одговорен за буџетот на одбраната, да промовира воени старешини и да издава наредби на началникот на одбранбениот штаб. За време на војна, претседателот на државата е и врховен командант на унгарските одбранбени сили





-

Организацијата на унгарските одбранбени сили е одредена од страна на Парламентот. Командувањето и контролата на армијата е во надлежност на министерот за одбрана, во соработка со одбранбениот штаб на армијата. Единиците се во состав на копнената војска и воздухопловните сили

учество во меѓународни мировни операции;
- поддршка на цивилното население во случај на несреќи и природни катастрофи.

Организацијата на унгарските одбранбени сили е одредена од страна на Парламентот. Командувањето и контролата на армијата е во надлежност на министерот за одбрана, во соработка со одбранбениот штаб на армијата. Единиците се во состав на копнената војска и воздухопловните сили. Со нив командува Одбранбениот штаб и на негова директна врска се:
- Командата на здружените сили;
- Бригадата за поддршка;
- Военомедицинскиот центар;
- Центарот за операции и доктрини;
- Школата за подофицери;
- Центарот за обука;
- две команди за нараснување и регрутирање (Источна и Западна Унгарија), и други административни служби и центри.

Командата на здружените сили командува со оперативните единици:

а. Од копнените сили:
- две пешадиски бригади;
- воздушно-десантен баталјон;
- баталјон за специјални операции;
- инженериски полк;
- баталјон АБХО;
- полк за врски
- полк за отстранување експлозивни направи.

б. Од воздухопловните сили:
- две авиобази борбена авијација;
- хеликоптерска база;
- ракетен полк за противвоздушна одбрана (ПВО), дел од интегрираниот систем на НАТО за ПВО – NATINADS;
- полк за набљудување и контрола на воздушниот простор.

Под команда на Командата на здружените сили се:
- Центарот за логистичка поддршка,
- Центарот за снабдување со опасни материи,
- логистички полк,
- воздухопловно-техничка база и
- транспортен центар.

Вооружување и опрема

Копнените сили се опремени со:
- тенкови: „Т-72“, оклопни транспортери: „BTR-80“ и „BRDM-2“;
- артилерија: хаубици 152 мм и 122 мм самоодни, минофрлачи 82мм;
- противтенковски системи: 9К111 (AT-4 Spigot) и 9К113 (AT-5 Spandrel).

Со плановите за набавки е предвидено набавка на противоклопни системи (до 2026г.), артилериско вооружување (во период 2017-2019г.) и радари (во период 2018-2023г.).

Во состав на воздухопловните сили има:
- авијација: борбена - JAC 39 EBS Gripen, транспортна - AN 26, за обука - Yak-52 и L-39 Albatross;
- хеликоптери: борбени – „Mi-24“, транспортни – „Mi-8“ и „Mi-17“;
- ПВО системи со краток дострел KUB (SA-6) и Mistral.

Дел од флотата хеликоптери „Ми-24“ се модернизираат и планирано е нивните ресурси да бидат искористени до 2025 година.

Нови два транспортни авиони се веќе купени и ќе бидат во употреба во 2019 година.

Авионите се наменети за транспорт на воен персонал (со индивидуалната опрема), а би биле употребени и за операции за заштита и спасување од воздух. Моменталните потреби се решаваат со постоечките два „Airbus A319“.

## Одбранбени прашања

Во меѓународни операции за поддршка на мирот, унгарските војници се во рамките на:

ОН: во UNFICYP (Кипар), UNIFIL (Либан) и MINURSO (Западна Сахара);

НАТО: Resolute Support (Авганистан), KFOR (Косово) и Inherent Resolve (Ирак);

ЕУ: ALTHEA (Босна и Херцеговина), EUTM (Уганда, Сомалија) и EUSEC RD (Конго).

Бројот на активен персонал на унгарските одбранбени сили изнесува околу 19.000, а на резервен персонал околу 17.500. Во блиска иднина се планира зголемување на овие бројки.

Задолжителниот воен рок бил укинат во 2004 г., што претставува





Унгарија е членка на проектот „Programme SAC Memorandum of Understanding“, заедно со 9 други НАТО земји и две земји од програмата Партнерство за мир (Шведска и Финска). Овие 12 држави ја имаат формирано флотата од 3 транспортни авиони „C-17 Globemaster“, регистрирани во Унгарија, и од 2009 г. се стационирани во воздухопловната база во западниот унгарски град Папа

главна причина наредните десетина години да се пополни армијата со потребниот број на резервен персонал. Од 2011 г. е овозможено доброволно служење во армијата, во мирновременски услови.
Приемот на професионални војници е со потпишување договор кој трае од 3 до 20 години. По истекувањето на договорот, тие можат да бидат унапредени во подофицери. Подофицерите, исто така, потпишуваат договор за прием во состав на армијата кој трае до 20 години, со можност после тоа да бидат примени во постојана воена служба до 60-годишна возраст.
Резервните сили ја сочинуваат:

- доброволната оперативна резерва, која ја сочинуваат резервни војници со прием по исти критериуми, како и професионалните војници (имаат предност за потпишување договор за активна воена служба), околу 10.000 војници и
- доброволната одбранбена резерва, која брои од 6.000-8.000 персонал.

Буџетот за одбраната забележал значителен раст од 1,2 милијарди US$ во 2014г. до 1,7 милијарди US$ во 2018г, што претставува раст од 0,86% до 1,08% од бруто-домашниот производ (БДП). Иако се направени сериозни чекори во насока на модернизација на армијата, Унгарија сè уште ја нема постигнато целта да издвои 2% од својот БДП за потребите на одбраната. Со долгорочните планови е предвидено тоа да биде исполнето до 2024 година.
Унгарија е членка на проектот „Programme SAC Memorandum of Understanding“, заедно со 9 други НАТО земји и две земји од програмата Партнерство за мир (Шведска и Финска). Овие 12 држави ја имаат формирано флотата од 3 транспортни авиони „C-17 Globemaster“, регистрирани во Унгарија, и од 2009 г. се стационирани во воздухопловната база во западниот унгарски град Папа.
Унгарската армија учествува и во заштитата на воздушниот простор над балтичките земји.




### Унгарија 2026 година

Со плановите за развој на одбраната, планирано е:

- зголемување на бројот на персоналот во армијата на 30.000 активен и 20.000 резервен персонал до 2026 г.;
- што поголемо вклучување на капацитети на државата во обезбедување на потребите на амијата;
- набавка на 40 нови хеликоптери;
- модернизација на вооружувањето и на опремата и набавка на современи електронски средства;
- снабдување со муниција за пешадиско вооружување од сопствено производство;
- одржување на нивото од 2% од БДП за потребите на армијата.

М.С.




# НАТО - EADRCC вежба „Северна Македонија 2020"
# Главна планирачка конференција




НАТО - EADRCC вежбата „Северна Македонија 2020" ќе се одржи од 20 до 25.9.2020 г. во Охрид и е планирана во согласност со политиката за вежби за цивилно планирање при итни состојби во рамките на Евроатлантскот партнерски совет, а ќе се одвива во коорганизација помеѓу Евроатланскиот координативен центар за одговор на катастрофи (Euro-Atlantic Disaster Response Coordination Centre – EADRCC) и Центарот за управување со кризи на Република Северна Македонија како домаќин

НАТО - EADRCC вежбата „Северна Македонија 2020" претставува штабна и теренска вежба за справување со последиците од катастрофи, преку која ќе се тренираат и ќе се извежбуваат процедурите на националните агенции за управување со кризни состојби (LEMA), моделите на ОН за улогата на Координативниот центар за операции на местото на катастрофата (On-Site Operation Coordination Centre – OSOCC), координација помеѓу тимовите за урбано пребарување и спасување и тимовите за итна медицинска помош, како и помеѓу офицерите за врски со лидерите на тимовите од земјите учеснички за справување со последиците.
Главната планирачка конференција се одржа во Брисел од 18-20 февруари 2020 година, на која се изврши промовирање и презентирање на претстојната штабна и теренска вежба, со цел привлекување на поголем број учесници со свои тимови. На конференцијата зедоа учество 112 учесници од 26 земји членки на NATO и партнерски земји. Работата на конференцијата се одвиваше во две форми, на пленарно заседание и во синдикални работни групи.
На пленарното заседание се извршија презентации за целите и општото сценарио на вежбата, поддршка на земјата домаќин, премин преку граница и транспорт, базата на операции и вежбовните локации и за улогата на новите технологии, односно на NICS алатката. Ќе се проигрува сценарио на силен земјотрес со кој се погодени




градовите Охрид и Струга со околните населени места. Како последица на земјотресот, предизвикани се штети врз животот и доброто на граѓаните, како и штети на јавната инфраструктура, а тоа само по себе повлекува значаен број на повредени и на починати лица од различна возраст и состојба, оштетени домови и објекти, појава на пожари и поплави во станбените области, оштетување на патната инфраструктура, на електричните инсталации, на водоводната мрежа, напукната брана, појава на илегални мигранти и соочување со лажни информации, хибридни закани и слично. За справување со последиците и нормализирање на состојбата ќе има потреба од сеопфатна акција и помош на NATO и PfP земјите.

Главната цел на вежбата е зајакнување на интероперабилноста, на соработката и придонесот во јакнењето на националните способности на земјите членки на NATO алијансата и партнерите, додека основни цели на вежбата се:

– Поддршка на националните власти при процесот на градење отпорност преку подобрување на нивото на поготовност, планирање, превенција и одговор при катастрофи, како и зајкнување на нивните капацитети за справување со одредени цивилни итни ситуации.
– Употреба на напредна генерација на инцидент командниот систем – NICS, на сите оперативни нивоа.
– Подобрување на соработката помеѓу партнерите.
– Извежбување на EADRCC процедурите и на капацитетите со цел подобрување на соработката помеѓу NATO членките и PfP нациите за време на операции за справување со последици кои вклучуваат ХБР настан.
– Демонстрација и употреба на нови технологии кои можат да го подобрат меѓународниот одговор при катастрофи.
– Да се зајакнат капацитетите на РСМ за прием на меѓународна помош, со цел координација при опертивните задачи и ефективно да се воспостави координација за прием на меѓунардони тимови.
– Олеснување на преминот на границите, соработка помеѓу соседите и употреба на меморандумот за соработка, со цел олеснет премин на граница за цивилни сили и транспорт на средства.
– Извежбување на цивлно-воената соработка при активно учество на воените сили во поддршка на цивилни операции за справување со катастрофи.
– Спроведување на „виртуелна“ вежба.
– Извежбување на употребата на VOSOCC.
– Извежбување на координацијата и соработката помеѓу NATO, меѓународните и невладините организации.
– Извежбување и употреба на меѓународните правилници, вклучувајќи ги INSARAG насоките за тимовите за пребарување и спасување во урбани средини.
– Запознавање на цивилните експерти со CEP аранжманите за кризен менаџмент од делот на капацитетите, одговорностите и механизмите (CEPC, EADRCC и др.), со цел поддршка на целосниот NATO систем за одговор на кризни ситуации.

На сесиите од конференцијата се работеше во работни групи: Безбедност и сигурност; Логистика, транспорт и премин преку граница; База за операции, пребарување и спасување од урнатини, спасување на вода, спасување на планина; Нови технологии/NICS; Цивилно-воена соработка; Евалуација и Медиуми.

На конференцијата, свои тимови, декларираа: Црна Гора, Хрватска, Украина, Финска, Молдавија, Грузија, Италија, Романија, Бугарија, Грција, Босна и Херцеговина и Балканските медицински сили (Balcan Medical Task Force – BMTF). Учество најавија и Шпанија, Турција, Србија, Израел, Словенија.

Претставниците од Министерството за одбрана и од ГШ на АРСМ (Тони Петрески, лидер на работната група, Здравко Јаковлевски и полковник Кире



Андов), зедоа учество во работната група за цивилно-воена соработка. На оваа сесија се изврши идентификување на клучните задачи на Планирачкиот тим за цивилно-воена соработка, целите на вежбата и целите на цивилно-воената соработка. Главниот планирачки тим EADRCC/MKD ќе ги планира ресурсите и ќе ја надгледува цивилно-воената соработка за време на вежбата, во насока на подобрување на соработката и интероперабилноста при мултиинституционален одговор и барање на меѓународна помош.
Се дефинираа главните задачи на Планирачкиот тим за цивилно-воена соработка:

Главната планирачка конференција се одржа во Брисел од 18-20 февруари 2020 година, на која се изврши промовирање и презентирање на претстојната штабна и теренска вежба, со цел привлекување на поголем број учесници со свои тимови

– извежбување на цивилно-воената соработка со активно и/или симулирано армиско учество при спасување од катастрофи;
– извежбување на меѓународно познатите протоколи за употреба на армиски и/или цивилни капацитети при спасување од катастрофи;
– демонстрација на улогата на армијата при одговор на хуманитарни кризи.

На крајот од состанокот на работната група, како обврски за Финалната планирачка конференција се донесоа следните заклучоци:
да се утврдат главните задачи на планирачкиот тим за цивилно-воена соработка;



– идентификација на потенцијалните можности за цивилно-воена соработка;
– идентификација на армиските или на цивилните потенцијални придонеси за вежбата, и тоа национални, НАТО-меѓународни, останати меѓународни и специјализирани и/или посебни цивилни и/или армиски средства и способности;
– развивање на побарувањата за координација (UN OCHA, OSSOC, CBRN, Medical and DISTAFF);
– армискиот и/или цивилниот придонес при развивање/финализирање на главното сценарио и на инцидентите по конкретно дефинираните места;
– обезбедување на ефективна координација со односните тимови.

Исто така, се идентификуваа и специфичните цели за цивилно-воена соработка:
– извежбување на соработката и на процедурите за интероперабилност на армискиот и/или цивилниот придонес при мултиагенцискиот одговор и барање на меѓународна помош за време на криза;

да се утврдат основните цели за цивилно-воена соработка;
да се утврдат специфичните цели за цивилно-воена соработка;
да се утврди составот на планирачкиот тим за цивилно-воена соработка, во согласност со потребната поддршка на мултиагенциските сили, како и со претставници од земјите кои ќе декларираат армиски сили;
да се покани претставник од ЕУ да учествува на вежбата (статус на набљудувач и сл.).

д-р Тони Петрески
м-р Здравко Јаковлевски

# Самопожртвуваноста како тактика



Во војна отсекогаш постоеле битки во кои шансите за преживување биле мали. Има бројни примери за безнадежна борба и самопожртвување на учесниците. Меѓутоа, јапонските камикази во Втората светска војна се уникатен пример за планирани самоубиствени напади т.е. самопожртвуваност како воена тактика. Прв пат во историјата во толкав голем број имало доброволци кои се пријавувале за борба во која немало друга алтернатива освен смрт. Јапонскиот збор „камиказе“ во превод значи „божествен ветер“. Така било наречено големото невреме кое ја потопило монголската флота на Кублуј Кан во 1281 година при неговиот втор обид да изврши инвазија на јапонско тло.

Не постои точна бројка колку камиказе-пилоти загинале во Втората светска војна, ниту колку точно штета направиле. Различни извори даваат различни бројки, но едно е сигурно, дека штетата која ја имаат направено била неочекувана за сојузниците. Процената е дека загубите ќе се зголемиле до три пати доколку била направена инвазија на Јапонија. Одлуката за самоубиствени напади покажала дека тоа било важен дел од последната јапонска одбрана

Археолозите денес го потврдија овој мит врз основа на остатоци од стотина потопени бродови близу бреговите на Јапонија. Долго време се раскажувало дека божествениот ветер ја спасила Јапонија од Монголците. За време на Втората светска војна, митот повторно заживеал во форма на пилоти и морнари кои со самоубиствени напади требало да ги спречат американските сили да напредуваат кон Јапонија.

Јапонската самоубиствена тактика била екстремна и очајна мерка да се одолговлечи неминовниот пораз за да се добијат подобри услови за капитулација. Долго време се сметало дека сите камиказе-пилоти (да не се заборават и морнарите со самоубиствени подморници) биле доброволци, што е делумно точно. Писмата кои ги праќале на своите семејства говорат дека на многумина



Пилотите кои биле одредени да вршат самоубиствени напади поминувале низ дополнителна обука, меѓу која препознавање на непријателски бродови и авиони. Мошне било важно да се знае типот на бродот за да се одбере онаа цел која е поисплатлива. Највисок приоритет било да се погоди носач на авиони. Следни на листата биле бојните бродови, крстосувачите и на крај транспортните бродови, иако биле најлесна цел. За успех било сметано и привремено запирање на носач на авиони со оштетување на предниот дел



им било јасно дека тоа е залудна и непотребна смрт, но не можеле да одбијат. Јапонската пропаганда проектирала дека пилотите биле подготвени да умрат за својата земја, но во реалноста ова се должело на индоктриниран срам да се одбие таква наредба. Евидентиран е најмалку еден случај кога телото на пилотот кој ја промашил целта било извлечено од водата за американските болничари да извршат преглед на крвта, барајќи докази дали можеби камиказите биле под дејство на дрога. Меѓутоа, јапонската фанатичност во Втората светска војна се должела на комбинација на милитантен национализам, Шинто религијата и безусловната верност кон царот.
Не постои точна бројка колку камиказе пилоти загинале во Втората светска војна, ниту колку точно штета направиле. Различни извори даваат различни бројки, но едно е сигурно, дека штетата која ја имаат направено била неочекувана за сојузниците. Проценета е дека загубите ќе се зголемиле до три пати доколку била направена инвазија на Јапонија. Одлуката за самоубиствени напади покажала дека тоа било важен дел од последната јапонска одбрана. Бројките не се точни затоа што многу пилоти биле соборени пред да се урнат на целта. Тие се појавуваат како жртви во јапонските, но не и кај американските извори. Од друга страна, некои напади се случувале непланирано, од пилоти кои не биле камиказе но одлучиле да се жртвуваат кога биле тешко оштетени. И овие напади се претставени во јапонската статистика, но во американската не се сметаат за камиказе.
Според јапонските извори, 3.913 камиказе пилоти загинале во т.н. „специјален напад" против американските и сојузничките сили за време на војната. Од нив 2.525 биле пилоти на морнарицата на возраст меѓу 18 и 20 години, а останатите 1.388 биле пилоти на армијата на возраст меѓу 18 и 24 години. Јапонците тврделе дека потопиле 81 и оштетиле 195 бродови. Според американските извори, евидентирани биле околу 2.800 камиказе кои извршиле 944 напади во кои потопиле 34 и оштетиле 368 бродови, убиле околу 4.900 морнари и раниле над 4.800. Само 31% од камиказите успеале да ја погодат целта, а од нив само 15% резултирале со целосно потопување.
Уште пред камиказите формално да се појават како пилоти самоубијци во октомври 1944 година, имало бројни примери јапонски војници, морнари и пилоти да се жртвуваат во борба кога шансите им биле безнадежни. Од битката кај Гвадалканал па натаму, јапонските војници вршеле јуриши кои очигледно биле самоубиствени, а пилотите кога не можеле да се вратат назад се забивале во американските бродови. Идејата за планирани самоубиствени напади ја предложил капетанот Мотоару Окамуа во јуни 1944, како единствена надеж да се направи пресврт во војната. Смртта на доброволците кои би вршеле самоубиствени напади ја рационализирал со смртта на пчелата која умира откако ќе убоди. Предлогот бил одобрен во октомври 1944 година и веднаш почнале да се формираат самоубиствени единици. Загубите на Јапонците на море биле толку големи што сметале дека откако ќе испловат, секако нема да се вратат. Самоубиствените напади ги затекнале американските сили на Пацификот и создале доза на паника меѓу морнарите. Колку поблиску американската морнарица се приближувала кон Јапонија, толку пожестоки биле нападите. За да не влијае негативно на моралот на американската јавност, нападите на камиказите на Пацификот биле држени во тајност до април 1945 година.
Пилотите кои биле одредени да вршат самоубиствени напади, поминувале низ дополнителна обука, меѓу која препознавање на непријателски бродови и авиони.



На јапонската врховна команда и било јасно дека војната е изгубена. Кога тоа се почувствувало во пониските ешалони, од доказите кои денес постојат во пишана форма, просечниот јапонски војник ја рационализирал својата смрт за самиот да се убеди дека неговата жртва не е залудна. Имало стотици случаи на самоубиствени напади, не само на војници туку и на цивили на островите кои полека биле заземени од Американците

Било важно да се знае типот на бродот за да се одбере онаа цел која е поисплатлива. Највисок приоритет било да се погоди носач на авиони. Следни на листата биле бојните бродови, крстосувачите и, на крај, транспортните бродови, иако биле најлесна цел. За успех било сметано и времено запирање на носач на авиони со оштетување на предниот дел. Најголема штета се правело доколку пилотот начека авиони



на палубата, поради секундарни експлозии. Неискусните пилоти кои при крајот на војната ги имало се повеќе, имале потешкотии да ги распознаваат типот на бродовите и при нападот да се насочат кон вистинскиот дел од целта. Бидејќи носачите биле најдобро бранети, пилотите се почесто оделе на посигурни цели и напаѓале помали бродови или оние кои први ќе ги воочат.
Американските пилоти приметиле дека поискусни пилоти кои не биле камикази ги предводеле нападите на помалку искусните пилоти - камикази. Тие правеле пат за да може да се пробијат до целта, но кога камиказите ќе се одвоеле, станувале лесна мета на американските авиони. Ова се должело на нивното неискуство, но и неможност да возвратат бидејќи немале муниција, само полни резервоари и бомба, обично од 250килограми. Потоа лидерите на формациите се враќале назад, што потврдувало дека не се работи за камикази, туку само за водачи на група. Кога загубите станале уште поголеми, камиказите биле следени од повеќе ловци, со задача да ги заштитат, се додека не дојдат до целта. Во април 1945 година е забележана тактика на запречување на радарот на бродовите. Еден од камиказите во групата би ја попречил радарската слика со исфрлање на метални парчиња. Потврдено

е дека најмалку еден брод (разурнувачот „Морисон“) бил потопен бидејќи доцна реагирал, збунет од радарската слика. Индикатор дека Јапонците ги трошеле и последните авиони било при крајот на војната кога упатувале по еден авион без заштита, и тоа авиони за обука или крајно истрошени и стари. Камиказите напаѓале на крајот на денот, пред зајдисонце. Причината за ова било што противничките авиони кои патролирале за заштита на бродовите, биле активни преку ден и пред зајдисонце се враќале на носачите. Од друга страна, летот на камиказите бил во еден правец. Оваа рутина им била очигледна на сојузниците и посадите на бродовите секогаш пред зајдисонце биле во полна готовност. Кон крајот на војната за да ја зголемат веројатноста за успех, камиказите напаѓале и ноќе. Дури и кога не отворале оган, бродовите можеле да се видат на месечевата светлина, а кога бродовите ќе отвореле оган ја откривале целосно својата позиција.
На јапонската врховна команда и било јасно дека војната е изгубена. Кога тоа се почувствувало во пониските ешалони, од доказите кои денес постојат во пишана форма, просечниот јапонски војник ја рационализирал својата смрт за самиот да се убеди дека неговата жртва не е залудна. Имало стотици случаи на самоубиствени напади, не само на војници туку и на цивили на островите кои полека биле завземени од американците. Врховната команда ова го насочила како психолошко оружје, давајќи им на Американците до знаење што може да очекуваат ако стапнат на јапонско тло. Меѓутоа, токму таквиот жесток отпор во голема мера придонел за употреба на атомските бомби. Било проценето дека би загинале 2 милиони американски војници и уште повеќе Јапонци, доколку се извршила копнена инвазија на Јапонија. Така „рационалноста“ на јапонските самоубиствени напади ја поткрепила „рационалноста“ на американската одлука да употребат атомско оружје. Додека некои ги истакнуваат камиказите како храбри и посветени патриоти, а нивната жртва како



Наспроти оние кои сметаат дека самоубиствените пилоти биле очајна реакција на фанатизам, некои и денес сметаат дека тој потег бил израз на несебично жртвување за татковината, а пилотите биле еднакви на самураите кои умирале за честа

достоинствена и чесна, постои и провокација за дебата дали тие не се поразлични од денешните терористи-самоубијци. Во одбрана на првата теза, целите на камиказите за разлика од терористите секогаш биле воени бродови и авиони. Меѓутоа, на Пацификот немало цивилни американски цели. Дали доколку имале пристап до цивилни цели не би ги напаѓале, тоа останува да се претпоставува. Бруталниот однос на јапонската војска со цивилите во окупираните територии во Азија укажуваат дека најверојатно не би се воздржувале, а дополнителен мотив би било стратегиското бомбардирање на јапонските градови во кои имало стотици илјади цивилни жртви. Главна разлика е што камиказите биле организирани од легитимен државен актер, додека терористите може да бидат спонзорирани од државен актер но, главно, организирани самостојно. Ресурсите со кои располагала Јапонија (авиони, носачи, аеродроми, пилоти итн.) овозможиле самоубиствените напади да прераснат во стратегија и многу важна линија на операција за одбрана во случај на обид за копнена инвазија. По завршување на војната, констатирано е дека врховната команда ги подготвила сите преостанати авиони, бродови, чамци и подморници за самоубиствени напади. Главна сличност со терористите денес е што и едните и другите се одлучиле на самоубиствени напади за да се приспособат на нерамнотежата во силите и технолошката надмоќ на противникот. Пораката што ја праќа еден самопожртвуван напад е тотална војна со противник кој нема страв да умре. Овој концепт уште долго ќе остане во тренд. Во 2018 година се евидентирани 293 самоубиствени напади низ светот во кои биле убиени 2845 и ранети 5160 луѓе. Терористите - самоубијци денес, исто така ја користат религијата и идеологијата за да ја оправдаат и за да ја формализираат нивната кауза за самопожртвуваност. Наспроти оние кои сметаат дека самоубиствените пилоти биле очајна реакција на фанатизам, некои и денес сметаат дека тој потег бил израз на несебично жртвување за татковината, а пилотите биле еднакви на самураите кои умирале за честа. Сепак, не може да се споредат денешните терористи-криминалци со јапонските камикази. Не секоја самоубиствена мисија е достојна да се нарекува „камиказе“. Тие биле припадници на вооружени сили со цврсто убедување за лојалност и служба за доброто на нацијата. Тоа што биле злоупотребени нивната врвна дисциплина и слепа послушност треба да се препише на јапонската врховната команда. Содржината на многуте писма кои останале како сведоштво открива дека биле неверојатно образовани и храбри борци, свесни до последен момент за безнадежната ситуација во која се наоѓале и тие самите и нивната земја.

Ѓорѓи Вељовски




# Биотероризам

Историјата на употребата на биолошкото оружје е долга, а најстариот пример нè враќа назад во времето повеќе од 2500 години: Асирците - Асирското Царство кое се наоѓало кај градот Ашур на реката Тигар, на просторот на северна Месопотамија (денешен Ирак), го заразиле бунарот на нивниот непријател со габа, која содржела хемикалии, а консумирањето на расипана вода довело до халуцинации, а во некои случаи и до смрт. Во 1300 година, монголските воини, Татари, го опседнале кримскиот град Кафа. За време на опсадата, многу Татари умреле од чума, а нивните безживотни заразени тела биле фрлени преку градските ѕидови. Некои експерти тврдат дека оваа тактика можеби е одговорна за

Терористите користат биолошки агенси, бидејќи тие често се тешки за откривање, а почетокот на болеста може да биде одложена од неколку часа до неколку дена, зголемувајќи го ефектот на ширење. Агенсите за биотероризам се вообичаен избор за терористите, бидејќи тие се лесни и евтини за производство, лесни за дистрибуирање и можат да предизвикаат масовни ефекти

ширењето на чумата - црната смрт во Европа. Ако е така, оваа рана употреба на биолошко оружје предизвикала смрт на околу 25 милиони Европејци. Ова е врвен пример за потенцијалниот опсег на биолошката војна, за нејзината непредвидливост и застрашувачка едноставност. Во 1763 година, британската армија се обидела да употреби сипаници како оружје против домородните Американци во опсадата на Форт Пит. Британците подарувале ќебиња од болницата кои ги користеле болни од сипаници, со намера да ја прошират болеста кај локалното население.
Според Центарот за контрола и спречување на болести на САД, биотероризмот се дефинира како намерно ослободување на вируси, бактерии или габи коишто можат

да разболат или да убијат луѓе, добиток или агрокултури. Колку е веројатен нападот од биотероризам денес? Користењето на овој тип оружје има одредени предности за терористите. Тоа има потенцијал да предизвика голема штета, мошне е евтино за производство, во споредба со современи ракетни системи и проектили или друга високотехнолошка опрема. Исто така, биолошкото оружје може да биде „активирано" и по одреден подолг период, а сторителот има време да избега неоткриен. Биолошкото оружје тешко може да се контролира или да се предвиди во одредени ситуација на борбеното поле, бидејќи постои значителен ризик дека трупите на

Меѓутоа, проблемот е во тоа што со биооружјата лесно можат да влијаат и на пријателските сили. Терористите користат биолошко оружје како метод за создавање масовна паника. Свесни сме дека намерното нанесување цивилни жртви се смета за недозволено. За жал, агенсите кои ги користат биотерористите тешко се контролираат и влијаат врз цивилите. Во последните 100 години, САД и меѓународната заедница доживеаја повеќе акти на биотероризам кои беа насочени кон цивили. Во Првата светска војна Германија спроведувала биолошка кампања со саботажи во Франција, Романија, Русија и САД, со инфицирање на коњи со вирусно заболување. Во 1972



двете завојувани страни ќе бидат засегнати. Меѓутоа, во случајот со биотероризмот, поволна ситуација е дека извршителот може да нападне далечна цел како осамен индивидуален терорист, со многу помал ризик за него. Биолошките агенси можат да бидат природни или човечки модифицирани. Агенсите обично се наоѓаат во природа, но може да се модифицират во лабораторија за да се зголеми нивната отпорност на антибиотици и можноста за ширење во околината. Биолошките и хемиските агенси можат да се шират низ воздухот, храната или водата. Терористите користат биолошки агенси, бидејќи тие често се тешки за откривање, а почетокот на болеста може да биде одложена од неколку часа до неколку дена, зголемувајќи го ефектот на ширење. Агенсите за биотероризам се вообичаен избор за терористите, бидејќи тие се лесни и евтини за производство, лесни за дистрибуирање и можат да предизвикаат масовни ефекти.

година, во САД беа уапсени двајца студенти затоа што планирале да ја затрујат водата која го снабдува Чикаго со тифоидни бактерии. Во 1984 година, движењето Рајнеш во Орегон, САД, се обиде да влијае на локалните избори со инфицирање на рачките на вратите на ресторантите и баровите со бактеријата салмонела. Во 1995 година, религиозната терористичка организација „Аим Шинрико" ослободи гас сарин во метрото во Токио, убивајќи 11 луѓе, а повредувајќи неколку стотици. Нивниот лидер, Шоко Асахара, беше погубен за масовното убиство. Во 2009 година до канцелариите за медиуми и до американскиот Конгрес во пет коверти беше доставен антракс.
Терористичките групи долго време се охрабруваат и се покажува посебна наклонетост кон примена на биолошки, агрокултурни или хемиски напади. Поддржувачите на ИД ја искористија кризата со контаминација на јагодите во Австралија во 2018 година, и предизвикаа страв и

паника, принудувајќи ги западните демократии да вршат детални проверки на свежата храна која се дистрибуира до луѓето.  „Ал Факир", еден од медиумите за поддршка на ИД, во јули 2018 објави видео во кое се разговара за тоа како да се спроведе бионапад на Западот, напад којшто не може да се открие или да се следи од властите.
Тие давале насоки како со вода заразена со вируси и бактерии да се контаминираат свежите намирници. Терористичката организација Исламска држава (ИД), јавно ја поддржа појавата на корона вирусот и неговата смртност. ИД го поздравува ширењето на смртоносниот коронавирус со известување преку нивните официјални билтени на интернет и нивната медиумска група за поддршка. Терористичката група тврди дека и претходните природни катастрофи кои однесоа многу човечки животи, се доказ дека нивниот бог им помага во елеминирање на нивните противници. Ова е обид ИД да ги импресионира и да ги мотивира своите следбениците, дека ако природна несреќа предизвикува толку многу страдања, џихадистите можат да предизвикаат деструкција со примена на вештачки методи.
Болестите предизвикани од биолошко оружје можат да бидат  групирани во три категории. Класификација се заснова на можноста за дисеминација, морбидитет и морталитет, потенцијал на предизвикување на паника и нивото на побарувања од здравствениот систем.
Категорија А: Болести со најголем приоритет што претставуваат ризик за националната безбедност, лесно се пренесуваат, имаат висок морбидитет и морталитет, ќе имаат големо влијание врз здравјето на луѓето и ќе предизвикаат паника, и бараат посебна подготвеност на здравствениот систем. Категорија Б: Болести со висок приоритет кои имаат потенцијал да предизвикаат значителен морбидитет и морталитет, со појавува на патогени кои можат да бидат масовно распространети.
Категорија В: Умерени приоритетни заболувања со помал морбидитет и морталитет кој потешко се шират.
Ефективниот биолошки напад може да биде разурнувачки, предизвикувајќи буквално милиони жртви. Тоа влијание е еднакво, а може и да го надмине случајот на напад со нуклеарното оружје. Според анализите на експертите од САД, ослободување од 100 килограми антракс над Вашингтон, може да предизвика помеѓу 130000 и



Терористичката организација Исламска држава (ИД), јавно ја поддржа појавата на корона вирусот и неговата смртност. ИД го поздравува ширењето на смртоносниот „Корона“ вирус со известување преку нивните официјални билтени на интернет и нивната медиумска група за поддршка

3000000 смртни случаи од вдишување на агенсот. Бидејќи раните симптоми се слични на грип, вистинската дијагноза може да се препознае само кога инфекцијата ќе се прошири, со смртност од 90%. Големиот број на пациенти би можеле да ги исцрпат достапните резерви на ефективни антибиотици. Потенцијалното влијание на ова или слично биолошко оружје кое што може да се најде во рацете на терористите, го отвара прашањето за претходна превенција и дизајнирање начини за справување со вакви настани. Познати се случаи кога терористичките групи се закануваат и најавуваат биолошки напад, за да обезбедат публицитет и да предизвикаат паника. Разузнавачките служби коишто вршат надзор над терористичките групи и поединци, ќе ја потврдат или ќе ја отфрлат заканата. Одредени служби и воени организации поседуваат детектори за откривање на биолошки агенси. Можеби ќе биде неопходно одредени сомнителни материјали да се транспортираат во специјализирани лаборатории, а сето тоа е на штета на времето потребно за реакција и превенција.

Здравствените установи мора да бидат оспособени да одговорат на биолошки напади. Ситуацијата може да се движи од настан во кој се вклучени малку пациенти до справување со стотици лица кои можеби биле изложени на агенсот. За жал, во моментов, се чини дека не постои влада која обезбедила институции кои се целосно специјално обучени и опремени да одговорат на ситуации на биотероризам. Од суштинско значење е здравствените работници да структурираат ефективни методи за справување со последиците од нападот. Во анализите и процените за биотерористички напади, во најтешките сценарија обично се доаѓа до заклучок дека „би можело да има толку многу жртви што повеќе не би можело да се стори ништо“. Меѓутоа, плановите за одговор од заканата мора да бидат доволно флексибилни за да можат постојано да се исполнуваат барањата коишто се флуидни. Искуствата со реални и симулирани катастрофи, докажуваат дека медицинските групи кои претходно развиле и практикувале соодветните планови, остваруваат ефективна и координирана реакција во ситуации со масовни жртви. Спротивно на тоа, ненавремените непланирани реакции резултираат во неорганизиран, неефикасен одговор, што им штети на болните или на повредените лица, па дури и може да придонесат и за дополнителни жртви. Две различни сценарија треба да бидат земени предвид при планирањето на одговор на биотероризам. Првото е, по извршен таен биолошки напад, првичниот резултат ќе биде појавата на вознемирени пациенти, на локално ниво или на различни локации низ целиот свет. Ситуацијата ќе стане очигледно сериозна, затоа што сè повеќе лица ќе бараат лекарска помош. Оваа состојба може брзо да се развие во ситуација на масовни жртви. Меѓутоа, ако се препознае навремено, ќе се заштеди време за да се организираат ресурсите за здравствена заштита во заедницата и да се спроведе план за одговор на биотероризмот. Во второто сценарио, со најавен биотерористички напад, голем број на лица ќе побараат здравствена помош и итен третман за кратко време. Одговорот на институциите може да се одложи сè додека лабораториските студии не



потврдат дали се случил вистински напад. Секое одложување може да резултира во сериозно нарушување на здравјето на жртвите, а и со други последици во реален настан. Покрај евалуација и третман на повредените, ќе биде потребна и деконтаминација. Одлуката, дали и што треба да се деконтаминира, треба да се направи во соработка со соодветни локални, државни или меѓународни здравствени организации.
Досегашните искуства со реални и симулирани масовни жртви и ситуации во катастрофи ја покажаа клучната важност на командувањето, контролата, комуникациите и координацијата на ваквите настани.
Едно од најболните прашања во сценаријата со биотерорстички напади е „кој е надлежен“.
Проблемите кои произлегуваат од неизвесноста за тоа кој е надлежен, се покажаа како голема пречка за ефикасно справување со заканата, а причинетата штета од лошото командување и контрола, за жал, најмногу ја чувствуваат загрозените лица. Анализите од катастрофите во минатото постојано не потсетуваат на проблемите во одржувањето на ефективни комуникации. Проблемите се движат од некомпатибилна опрема до несоодветна употреба којашто ги спречува итните преноси на информации. Потпирањето на мобилните телефони како алтернатива не е одговорот на масовен терористички напад.
Телефонските броеви и обележаните интернет-страници за помош мора да бидат достапни во секое време. За жал, неодамнешните истражување откриваат дека здравствените установи во голем број држави немаат пристап до интернет, не користат електронска пошта и немаат искуство за користење на он-лајн услугите и поддршката од другите државни институции. Акцентот мора да биде ставен на известување во реално време за невообичаени настани, доколку податоците се корисни за рано предупредување и препознавање на биолошки напад.
Факт е дека системите на јавното здравство во некои држави не се подготвени на соодветен одговор, поради недостаток на координација помеѓу здравствените установи, дирекциите за кризно управување и службите за спроведување на законот.
Поради големиот број на институции коишто ќе се вклучат во одговорот на биотерористички напад, недостатокот на координација може да стане главна пречка за оптимален одговор.
Соодветната координација ќе помогне



не само за поефективна реакција, туку и за добивање на поддршка и помош од други институции.
Соодветната координација ќе помогне да се воспостават и да се олеснат алтернативните решенија, доколку се достапни, а исто така ќе биде од значителна важност во исполнувањето на тешките логистички барања што се резултат на биотерористички настан. Иако логистиката не треба да претставува значителен проблеми за време на првите часови на одговор, барањата во голема мерка ќе се зголемат со текот на времето, бидејќи ресурсите се трошат многу побрзо отколку во нормално работење.

Придобивката од заедничкото планирање и вежбите за процена на ефективноста на координацијата, е сите вклучени субјекти да бидат подобро запознати едни со други и со заемните можности. Ефективниот пристап за командување, контрола, комуникација и координацијата мора да биде вклучен во плановите за одговор на биотероризмот. Овие компоненти се клучни за дизајнирање ефективна реакција, исто како и идентификација на болестите, деконтаминација, контрола на ширење на инфекцијата и опциите за третман.

д-р Ненад Танески





# Промоција на универзитетски учебник **Управно (административно) право**

Модератор на промоцијата на универзитетскиот учебник беше д-р Билјана Каровска-Андоновска, вонреден професор од Воената академија. Промотори на универзитетскиот учебник беа: д-р Темелко Ристевски, редовен професор, еден од основачите на Воената академија во далечната 1993 година и доајен во областа на управното право и д-р Јадранка Денкова, вонреден професор на Правниот факултет при универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип. Првиот промотор, д-р Темелко Ристевски, редовен професор, истакна дека пред 27 години на 12.2.1993 година бил дел од тимот кој токму на овој датум ги поставиле темелите на Воената академија и ја оформиле како високо образовна институција за потребите на Министерството за одбрана и Армијата. Од тогаш па до денес Воената академија стана плоден образовен расадник која школува офицери и специјалисти за потребите на Министерството за одбрана и Армијата.
После воведниот дел од своето излагање, професорот д-р Темелко Ристевски се осврна на учебникот „Управно (административно) право“, за кој истакна дека претставува самостоен труд на авторот, поделен во три дела. Во

На Воената академија беше промовиран универзитетскиот учебник со наслов Управно (административно) право од полковник д-р Зоран Јовановски, вонреден професор и раководител на Катедрата за општествени науки во Воената академија „Ген. Михаило Апостолски“

првиот дел, според промоторот, се обработени пет тематски поглавја посветени на: управното право како гранка на правниот систем и наука, односно поимот за управното право, неговиот предмет на изучување, организацијата на управната функција и нејзините елементи во контролата на управата. Во вториот дел авторот детално ја разработува управната постапка, така што доследно се води според Законот за општа управна постапка, која ја обработува хронолошки според одредбите на овој закон. Вториот



дел има 14 поглавја. Третиот дел е посветен на управното судско право. Во овој дел авторот ги обработува управните спорови, поделен на 12 поглавја, според одредбите во Законот за управни спорови. Учебникот особено внимание посветува на управното право во одбраната, така што детално ги анализира: Законот за одбрана, Законот за служба во Армијата, Законот за заштита и спасување, Законот за управување со кризи, Законот за класифицирани информации, Законот за Воена академија и уште дваесетина

други закони и правни регулативи во сегментот управно право во одбраната.
Понатаму, промоторот д-р Темелко Ристески, истакна дека учебникот како научна публикација е изработен со врвен квалитет во кој авторот, полковник д-р Зоран Јовановски, вонреден професор, дава јасен научен и методолошки пристап за проблематиката која ја разработува, односно управното материјално и управното процесно право. Исто така, на мошне успешен начин, авторот ја поврзува теоријата со практиката, така што овој учебник ќе биде мошне корисен не само како книга за учење, туку и за понатамошна литература од правната проблематика која на сите вработени ќе им помогне во успешно решавање на правните предмети во текот на извршување на должностите во Армијата и Министерството за одбрана.
Вториот промотор, д-р Јадранка Денкова, вонреден професор, истакна дека универзитетскиот учебник „Управно право“ ги обработува темите на јасен и практичен начин, користејќи релевантна литература, правно-нормативни акти и бројни практични примери на управните постапки во областа на одбраната, но и пошироко во рамките на нашата држава. Понатаму, вториот промотор истакна дека овој универзитетски учебник е систематски и логички подреден и на мошне современ начин практично ги објаснува тематските целини кои се обработуваат, а се неопходни и за понатамошната кариера на питомците и вработените во Армијата и Министерството за одбрана. Тематските целини според вториот промотор се обработени на јасен, студиозен, стручен и методолошки начин, така што питомците и студентите на Воената академија кои ќе го изучуваат овој предмет, материјата ќе ја совладуваат без мака.
На крајот, вториот промотор, д-р Јадранка Денкова, редовен професор, истакна дека учебникот, освен што е од голема важност за најмладите, односно за питомците и студентите, ќе даде голем придонес и за научната и стручната јавност.
Свое обраќање на промоцијата на универзитетскиот учебник Управно право имаше и деканот на Воената академија „Ген. Михаило Апостолски“, полковник д-р Орце Поповски, редовен професор. Неговото излагање беше преку бројни практични примери од областа на правото и секојдневниот живот. Меѓу другото, деканот на Воената академија, полковник д-р Орце Поповски, редовен професор, истакна дека секоја публикација, книга, а особено универзитетските учебници на Воената академија, се пример за постигнувањата не само на авторите туку, пред се, на Воената академија како високообразовна институција етаблирана во регионални и во светски рамки.
На крајот свое обраќање имаше и авторот на универзитетскиот учебник Управно право, полковник д-р Зоран Јовановски, вонреден професор кој истакна дека овој универзитетски учебник го работел повеќе години во континуирани консултации со научната јавност и питомците. Сето ова му помогнало не само истиот да се изработи како учебник со висок научен квалитет, туку и материја која ќе биде преку бројните практични примери, лесно разбирлива и применлива за питомците и студентите од Воената академија за кој, пред се, е наменет. Притоа, авторот наведе дека трендот на глобализацијата, очекува од професорите своите предмети да ги направат квалитетни, компетитивни и компатибилни со земјите членки на НАТО и на Европската унија.
Авторот наведе дека максимата: „Теоријата без практика е слепа“ била една од водечките мотиви во овој учебник да се спои теоријата со практиката. Исто така, авторот наведе дека: „Учителот ви ги отвора вратите, но дека понатаму вие сами учите“. Со ова авторот наведе дека токму практичните примери кои ги обработувале со питомците и студентите постојано давале простор за надградување на теоретските со практични знаења.
Авторот на учебникот, полковник д-р Зоран Јовановски, вонреден професор, меѓу другото, истакна дека континуиран и неисцрпен мотив за овој учебник му биле неговото семејство, сопругата и ќерката, кои заедно со него го поминале најголемиот предизвик и поднеле жртва за ова прекрасно научно дело.

д-р Андреј Илиев








# ПОДЕДНАКВО ДОБ



















# ВО СЛУЖБА НА АРМИЈАТА, В






# РИ КАКО И МАЖИТЕ
















# О СЛУЖБА НА ТАТКОВИНАТА!






# Британски тенк „Challinger 2“

Тенкот „Challinger 2“ поседува класична градба, односно во предниот централен дел е сместен возачот, на средината е поставена борбената купола во која се се сместени командирот, нишанџијата и полначот на топот, додека во задниот дел е сместен погонот. Основниот оклоп на тенкот е изработен од заварени челични плочи, а за поголема заштита во куполата се вградени Chobham плочи (втора генерација). За заштита на одниот дел и телото на тенкот од бочните страни се поставени „метални завеси” за противкумулативна заштита, но по потреба на одредени делови може да се постави и дополнителен оклоп од типот RAMOR, а напред, на долниот дел, и контејнери со вода. Подвозјето е составено од два пара со по 6 двојни потпорни тркала, кои поседуваат хидропневматска суспензија. Над потпорните тркала се поставени 3 носачи на гасеници, погонските тркала му се поставени назад, додека мрзливците се поставени напред. Гасениците се од моделот TR60 414FS, со широчина од 650 mm и поседуваат вметнати гумени папучи. За затегање на гасениците е вграден хидрауличен уред. Во внатрешноста тенкот поседува 8 резервоари за гориво, со вкупен капацитет од 1592 литри.
За потребите на возачот е вграден еден перископ, а за ноќни услови се поставува пасивен перископ за зголемување на слика од компанијата „Thales“, додека за возење наназад, позади на тенкот, е поставена термална камера. Во борбената купола од левата страна е сместен војникот, полнач на топот, а од десната страна напред е сместен нишанџијата, а позади, над неговата позиција, е сместен командирот на тенкот. За полначот на топот на кровот од куполата има вградено еден перископ и отвор пред кој е ставен постамент за пушкомитралезот L37A2 со калибар од 7,62 mm. Од десната страна на куполата се сместени нишанџијата и командирот на тенкот. За нивни потреби е интегриран системот PBISA (Platform Battlefield Information System Aplication), во кој се интегрирани дисплејот на командирот, навигацискиот систем, компјутерот за дигитална обработка на податоци и прикажувачот за нишанџијата. За потребите на командирот е вграден жиростабилизираниот перископ тип VC 580-10 со ласерски далечиномер од компанијата SAGEM. Овој перископ има азимут на движење од 360°, а по елевација од +35°/ -35°, воедно има можност за зголемување од x3,2 со видно поле од 16° и x10,5 со видно поле од 5°. Исто така, околу отворот на командирот се вградени и 8 перископи. За нишанџијата е вграден примарниот стабилизиран нишан No1. MkV, во чиј склоп е и ласерски далечиномер со дострел од 10 km, лево од него е вграден класичен перископ, плус од десната страна на топот е вграден секундарниот коаксијален телескопски оптички нишан „Nanoquest L30“. Над цевката од топот е вграден системот TOGS II (Termal Observation and Gunnery Sight II), кој е наменет за ноќно гледање. Термалната слика од TOGS II може да се зголемува x4 и x11,5 пати, а добиената слика се прикажува на командирот и на нишанџијата.  Во куполата која поседува можност за ротација од 360° (за 12 секунди), како главно оружје е вграден топот „L30A1“, со калибар од 120 mm и должина од 55 калибри. Топот е стабилизиран и поседува елевација од -10° до +20°. За поголема прецизност, на цевката е поставен референтен систем за процена на девијација на цевката кога е загреана или кога вибрира при движење. Цевката на топот е изработена од легури на челик, внатрешно е изрежена и хромирана, а надворешно е обложена со термичка обвивка. За потребите на топот во возилото може да се сместат вкупно 50 гранати, односно комбинација од типовите „L31A7 HESH“ , „L26A1 APFSDS“, „L27A1 APFSDS“ и „L34A2“ димната граната.
Од левата страна на топот е вграден коаксијалниот митралез „L94A1 EX-34“, со калибар од 7,62 mm. За потребите на пушкомитралезот „L37A2“ и митралезот „L94A1 EX-34“ во возилото се сместени 4000 куршуми. На куполата се поставени 2x5 лансери на димни гранати од типот L8, со калибар од 66 mm, од кои може да се лансираат димни, фрагментациони гранати и сигнални ракети. Како погон во тенкот е вграден дизел моторот „Perkins CV12-6A V12“, со моќност од 1.200 кс, во комбинација со трансмисијата TN54E, која поседува 6 брзини за движење напред и 2 брзини за движење назад. Тенкот поседува и дополнителен дизел генератор модел „Perkins P404C-22“, со моќност од 600A. Стандардно, тенкот е опремен со метеосензор, опрема за АБХО-заштита, автоматски противпожарен систем,  уред за греење и ладење на кабинскиот простор, радиоуреди за комуникација, генератор за создавање димна завеса и друго. Од дополнителна опрема на предниот дел од тенкот може да се постави ,,нож” за расчистување препреки, а на крајот од конструкцијата, надворешно, може да се постават 2 резервоари за гориво (буриња од 350 литри), со цел зголемување на акциониот радиус и друга опрема. Корисници на тенкот се армиите на В. Британија и на Оман.

Ивица Дамески






1. Топ „L30A1“
2. Позиција на возачот
3. Перископ за возачот
4. Систем „TOGS II“, наменет за ноќно гледање
5. Коаксијален митралез „L94A1 EX-34“
6. Нишанџија на топот
7. Примарен нишан за нишанџијата No1. MkV
8. Стабилизиран перископ за командирот, тип „VC 580-10“
9. Командир на возилото
10. Отвор за командирот околу кој се вградени 8 перископи






11. Магацин за гранати
12. Дизел мотор „CV12-6A V12“
13. Дополнителен резервоар за гориво (буре од 350 литри)
14. Погонско тркало
15. Двојни потпорни тркала
16. Отвор за полначот на топот
17. Војник-полнач на топот
18. Перископ за полначот на топот
19. Магацин за барутните полнења на гранатите
20. Метални завеси за противкумулативна заштита
21. Гасеници, модел „TR60 414FS“
22. Мрзливец

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „CHALLINGER 2“ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 4 членови |
| ДОЛЖИНА СО ТОПОТ | 11.550 mm |
| ДОЛЖИНА НА ТЕЛОТО | 8.327 mm |
| ШИРОЧИНА НА ТЕНКОТ | 3.520 mm |
| ВИСОЧИНА НА ТЕНКОТ ДО КРОВОТ НА КУПОЛАТА | 2.490 mm |
| КЛИРЕНС | 500 mm |
| БОРБЕНА ТЕЖИНА | 62.500 тони |
| ПОГОН | Дизел мотор CV12-6A V12, со моќност од 1.200 кс |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 56 km/h |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ЗЕМЈЕНА ПОДЛОГА | 40 km/h |
| КАПАЦИТЕТ НА ГОРИВО | 1.592 литри |
| АКЦИОНЕН РАДИУС НА ПАТ | 450 km (со внатрешно гориво) |
| АКЦИОНЕН РАДИУС НА ЗЕМЈЕНА ПОДЛОГА | 250 km (со внатрешно гориво) |
| ПРЕМИН ПРЕКУ РОВ | 2.340 mm |
| ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 900 mm |
| МАКСИМАЛНА НАГОРНИНА | 60% |
| БОЧЕН НАКЛОН | 30% |
| ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1.07 m (без подготовка), 4 m (со подготовка) |




# Хеликоптер „Aérospatiale Alouette“

Во текот на 1956 година, завршено е првото производство на „Alouette II“, со што станал првиот производствен хеликоптер со турбински погон во светот. Иновативниот лесен хеликоптер наскоро урнал неколку светски рекорди и постигнал голем комерцијален успех. За време на неговиот долготраен животен век, во рамките на производството се покажал како релативно популарен, со произведени над 2.000 единици, вклучувајќи повеќекратни лиценцирани производители, како на пример: „Hindustan Aeronautics Limited“ во Индија, „Industria Aeronautică Română“ во Романија, „F+W Emmen“ во Швајцарија и „Fokker“ со „Lichtwerk“ во Холандија. Вообичаено хеликоптерот во воената служба се користел за извршување мисии, како што се: воздушно набљудување и фотографирање, барање и спасување на копно и водени површини, врски, транспорт и обука. Постои и вооружена варијанта со противтенковски проектили, противподморнички торпеда за поморско војување, како и топови и митралези. Како цивилна варијанта, хеликоптерот се користел за: евакуација на жртви (честопати опремени со пар надворешни носилки), распрскување на земјоделски култури, транспорт на персонал, носење надворешни товари и слично. Со ова, хеликоптерот набрзина постигнал комерцијален успех помеѓу цивилните и воените клиенти.

Во согласност со реализација на поставените задачи, компанијата одлучила да се посвети на нова развојна програма со цел развивање помоќен хеликоптер што ќе може да смести до 7 места или пар носилки. Со дизајнерскиот тим управувал францускиот инженер за воздушна вселена „René Mouille“. Произведениот дизајн „Alouette III“ имал неколку подобрувања во однос на „Alouette II“ со обезбедено повисоко ниво на надворешна видливост за пилотот, како и поголема аеродинамична ефикасност. Станувало збор за многу ефективен хеликоптер.

На 28 февруари 1959 година, првиот прототип го извршил својот лет, а за време на својата програма за тестирање



на летање, прототипот ги демонстрирал своите високи можности на надморска височина во неколку наврати. Во јуни истата година слетал на надморска височина од над 4.000 метри во планинскиот венец Мон Блан (при евакуација на планинар кој претрпел срцев удар), а во текот на октомври 1960 година, успеал да го постигне истиот подвиг на надморска височина поголема од 6.000 метри на Хималаите. За време на овие обиди, пилотот бил придружуван од пар патници и 250 килограми опрема. Според производителот, ваквите демонстрации служеле за промовирање на перформансите и предностите на турбинските хеликоптери над хеликоптерите со клипен погон. Покрај тоа што е лесен хеликоптер, тој поседува респектабилен капацитет за кревање на товар. За време на една јавна демонстрација од висок профил, еден хеликоптер бил во можност да крене компактен камион „цитроен“ тежок над половина тон, без видливи потешкотии. „Aérospatiale Alouette“ има стаклен кокпит кој може да смести двајца членови на екипажот за летање - пилот и копилот. Може да се пофали со пространа и удобна кабина, опремена со четири врати од двете страни на трупот.
Во кабината може да летаат двајца членови на екипажот и пет патници или медицинска варијанта со пилот, двајца медицински асистенти и двајца пациенти со носилки. Седиштата може лесно да се отстранат за да се обезбеди отворен простор за товарење и истовар на карго. Надворешната дигалка може да носи 750 килограми товар за време на мисиите во воздух или морето за спасување. Хеликоптерот може да носи и 175 килограми дополнителен товар. Тој може да се искачи со брзина од 4,3 метри во секунда. Максималната и брзината на крстарење на хеликоптерот се 210 км/час и 185 км/час, соодветно. Опсегот е 540 километри, а плафонот на лет е 3.200 метри. Празен тежи околу 1.108 килограми, а неговата максимална тежина за полетување е 2.200 килограми. Во текот на 1961 година, првичниот модел од типот означен како SA 316A (SE 3160), влегол во сериско производство. Истата година „Alouette III“ го добил својот сертификат за пловидбеност, со што добил и оперативен статус. И покрај налогот поставен од француската армија за почетна серија од 50 „Alouette III“ во текот на јуни 1961 година, првите два хеликоптери, всушност, биле извозна продажба, односно продадени надвор од Франција. Како таков во тоа време бил специјално дизајниран да лета на големи надморски височини, со набрзина стекната репутација за неговите поволни карактеристики, посебно за време на операциите за спасување. Набргу потоа, големи нарачки за типот биле примени од неколку нации, вклучувајќи ги Велика




Иако од постара генерација, хеликоптерот со единечен мотор „Aérospatiale Alouette“, е лесен повеќенаменски хеликоптер, развиен од француската воздухопловна компанија „Sud Aviation“ (ознаки од компанијата се SA316 и SA319). Откако добил финансиска поддршка од француската влада која имала официјален интерес за вложување, претходниот дизајн бил користен како појдовна точка за нов дизајн, нова технологија и нови системи

Британија, Сојузна Република Германија и Австрија. Земји оператори на овој тип се и: Данска, Австралија, Бурма, Бурунди, Камбоџа, Конго, Доминиканска Република, Етиопија, Индија, Јордан, Либан, Малезија, Пакистан, Перу, Португалија, Јужна Африка, Тунис, Венецуела и Виетнам. Флотата „Alouette“ собрала повеќе од 7 милиони часови на лет до крајот на 2018 година. Денес, скоро 180 авиони сè уште продолжуваат да бидат во употреба низ целиот свет. Во текот на 1985 година е доставен последниот хеликоптер „Alouette III“. До 2010 година, мнозинството оператори на овој хеликоптер беа во процес на ликвидација или целосно пензионирање на нивните флоти. Во текот на 2017 година, француската морнарица забележала дека одржувањето во оперативност на овој тип хеликоптери е скапа работа и дури двојно поголема од повеќе воздухоплови во својата класа. Тоа е најмногу поради староста на хеликоптерите и недостигот на резервни делови, што, пак, е последица од масовното производство на Alouette III“, а кое престанало три децении порано. Понатаму, „пензионирањето“, исто така, е поттикнато од недостаток на современи карактеристики, што биле присутни кај современите хеликоптери, а што е природна последица на тоа што „Alouette III“ е првично развиен во текот на 1950-тите години.

Драган Павловски





# „STREIT COBRA“

## Лесно оклопно мобилно возило 4x4

„COBRA“ е лесно оклопно возило на тркала 4x4, конфигурација на оклопен транспортер (APC), дизајнирано и произведено од страна на компанијата „Streit Group“

Возилото „COBRA“ е оклопен транспортер кој се базира на „Toyota land Cruiser 200 series“, комбинација од еднобојно челично тело (монокок оклоп) со балистичка заштита, умерен челичен внатрешен под и заштита од експлозија на подвозјето (under body). Возилата „Кобра“ може да се користат од страна на современите вооружени сили во новите бојни полиња но, исто така, и од агенциите за спроведување на законот, кога агилноста е од суштинско значење и заштитата е најважна. Стандардното возило е конфигурирано како оклопен транспортер, со капацитет за 9 лица, вклучувајќи ги тука и возачот и командирот на возилото. Модуларно дизајнираното возило „Кобра“ може брзо да се движи и лесно да се управува. Тука се надополнуваат неговите 4x4 перформанси надвор од патот, а неговата независна суспензија и диференцијалното заклучување го прават возилото целосно опремено за премин и справување, дури и на





најтешките терени. Оклопниот транспортер „COBRA“ на компанијата „Streit Group“ е развиен со цел да обезбеди клучни способности како што се голема подвижност, борбена ефикасност и подобро преживување во рамките на една платформа. Оклопниот транспортер „Кобра“ може да се транспортира со „C-130“ или со негов еквивалент.

Варијанти на „COBRA“:

оклопен транспортер „Streit Group COBRA 4x4“, кој може да биде конфигуриран за широк спектар на мисии;

Cobra APC VBAS: Vehicle Borne assault System.

Вооружување. Оклопните транспортери „Streit Group COBRA 4x4“ може да бидат опремени со „open-top“ купола монтирана на средниот дел од кровот на возилото. Отворената купола може да биде заштитена со оклопни плочи и непробојни прозори, а може да биде вооружена со митралез до 12,7 мм или автоматски фрлач на гранати 40 мм. Куполата обезбедува поглед од 360° за позицијата на нишанџијата, притоа нудејќи целосна заштита од непријателски оган од куршуми до 12,7 мм. По барање, возилото може да биде опремено со лесна далечински управувана вооружена станица, која овозможува неспоредливи можности за набљудување и гаѓање, под целосна заштита на нишанџијата.



„COBRA LMV“ оклопните возила на четири тркала нудат подобрена комбинација на преживување, опстанок, подвижност и одржливост. Балистичка заштита е „Level Upgrade to CEN Level FB7“ (CEN - European Committee for Standardization), противминската заштита е UPGRADE to DM-31



Дизајн и заштита. Распоредот на моторното одделение и одделот за трупите, кај „Streit Group Cobra“ оклопниот транспортер е конвенционален, со моторното одделение напред, екипажот во средина и просторот за војниците позади. Монококниот труп со оптимална балистичка отпорност и заштита од експлозија на подвозјето, обезбедува заштита од куршуми од пешадиско вооружување и фрагменти од артилериски гранати. Телото на возилото е направено од балистички челик со максимална дебелина од 6,5 мм. Внатрешниот под е од 3,7 мм умерен челик и 6 мм умерен челик на подвозјето на возилото кој обезбедува противминска заштита. Опционално, „Кобрата“ може да биде надградена со дополнителен керамички оклоп и композитни дополнителни оклопни



Наменето за да ги задоволи безбедносните потреби во денешно време, возилото „Streit Cobra“ има спектакуларен дизајн, голема брзина и компактно тело. Неговиот модуларен дизајн обезбедува лесно возење, ракување и движење

плочи. Фронтално, кај командирот и возачот на возилото има голем непробоен (блиндиран и отпорен на куршуми) прозорец и врата од секоја страна со непробоен прозор. Возилото е приспособено со 3 или со 5 врати, во задниот дел може да бидат сместени 4 војници. Војниците влегуваат и излегуваат во возилото низ голема задна врата, која се отвора надесно, гледано отпозади на возилото. На врвот на возилото, точно над одделот за трупите се наоѓаат два отвора за спасување. Внатрешниот волумен од 5.7 m³ обезбедува удобност и сигурност во сложени, дифузни и смртоносни оперативни опкружувања и во сите модерни конфликтни зони.
Погон. Оклопниот транспортер „Streit Group Cobra“ може да биде придвижуван од Diesel 4.5 L V8 мотор, притоа развивајќи 216 hp или мотор бензинец 5.7l V8 кој равива 381 hp. Напојувањето може да се поврзе со 6 степени електрично контролирана автоматска трансмисија или рачна трансмисија со 5 степени на пренос. Перформансите на „Кобра“ возилото 4x4 надвор од патот, исто така се силна страна, независната суспензија и диференцијалното заклучување го прават возилото целосно опремено за справување со сите видови на терен.
Додатоци. Оклопниот транспортер „Streit Group Cobra“ може да се приспособи и да биде опремено да одговара на сите видови мисии со целосен спектар на електронска опрема и вооружување. Опционалната опрема за „Кобра“ возилата може да вклучува и систем за климатизација, централен систем за регулација на притисокот во гумите (CTIS), видеонадзор и мониторинг систем, систем за навигација GPS, разглас и аларми, UHF/VHF комуникациска опрема, помошен A/C систем, осветлување од затемнување компатибилно со НАТО СТАНАГ 4381 и друго.
„COBRA LMV“ оклопните возила на четири тркала нудат подобрена комбинација на преживување, опстанок, подвижност и одржливост. Балистичка заштита е „Level Upgrade to CEN Level FB7“ (CEN - European Committee for Standardization), противминската заштита е UPGRADE to DM-31. Во меѓувреме, компактната големина и мобилноста ја прават „Кобра“ погодна за урбани средини, како и за полуруралні операции. Може да работи во температури од -20 ° C до + 55 ° C.
Останати карактеристики и спецификации на „COBRA“ возилото: дизајнер: Streit Group;



должина: 5,189 метри;
широчина: 1,953метри;
висина: 2,165 метри
тежина 4,760 тони;
капацитет на седење: 3 door 10 патници, 5 door  9 патници;
вооружување: RCWS 7,62/12,7/40 mm GL;
мотор: 4,5L/4,6L/5.7L Turbo charged V8 Diesel/Gas
суспензија: Independent suspension;
оперативен дострел: 600 км;
максимална брзина: 140 км/ч.
совладување на наклон од 60%;
совладување на страничен наклон 30%;
совладување на вертикална препрека: 0,3 м;
совладување на водена препрека: 0,6 м;
радиус на вртење: 5,9 м.
Како позитивни карактеристики на овие возила кои може да се наведат се следните:
достапно решение за безбеден транспорт на трупите;
компактна големина и погодна мобилност за урбано опкружување;
достапни различни кофигурации, вклучително и амбулантни возила;
достапност на двете верзии RHD и LHD (десна лента и лева);
можност за опремување со подвижна купола 360 °;
погодно за инсталација на системот Vehicle Borne Assault system;
еден од најдобрите ОТ што се користи во рачно управуваниот систем за вбризгување на гориво, кој ви овозможува користење на широк спектар на попречувачи „Jammers“;
се користи за гранични патроли, полициски оддели, како ОТ и др;
рачниот менувач обезбедува дополнителна способност и доверливост надвор од патот.



Моментални оператори на возилата COBRA се Обединетите Арапски Емирати со неколку возила за полициските сили. После прикажувањто на саемите за вооружување, одреден интерес за купување на овие возила имаат некои азиски држави, како и Украина. Компанијата STREIT произвела околу 30.000 возила во повеќе од 120 модели на возила, од кои познати се COBRA, COUGAR, SPARTAN< SCORPION, TYPHOON.
Брзо, агилно и моќно. Тоа е она со што би го дефинирале „Streit Cobra SWAT“ возилото. Кога се се сведува на обезбедување на оптимална заштита на агенциите за спроведување на законот, ништо друго не би било подобар избор отколку оваа улична иновација.
Наменето за да ги задоволи безбедносните потреби во денешно време, возилото „Streit Cobra“ има спектакуларен дизајн, голема брзина и компактно тело. Неговиот модуларен дизајн обезбедува лесно возење, ракување и движење. Поради тоа, како корисници на овие возила се поголем број на агенции во САД меѓу кои, Пентагон, FBI, US Marine Corp, UK MOD, UN, UAE Armed Forces,  Royal Oman Police, Department of Defense USA, Defense Force Bahrain, MOD Yemen, Bahrain MOI, Malaysian Police, MFA Japan, RAK Police, Royal Saudi Land Forces, MFA Italy, MOD Nigeria, MOI Libya, MFA Pakistan, и останати корисници-цивилни компании низ светот како на пример „Гаспром“, „Shell“, „Petro China“, „OMV“, „Lukoil“, „Total“, „Brinks“ и други.

Идриз Идризоски



## Нов повеќецевен ракетен систем „Тамнава“

Српската компанија за наменска индустрија, СДПР „Југоимпорт“, разви нов мод уларен повеќецевен ракетен систем „Тамнава“. Ракетниот систем „Тамнава“ е наменет за: уништување жива непријателска сила, командни позиции, бази, аеродроми, складишта, воена опрема, оклопни возила и друго. Овој модуларен ракетен систем е проектиран со можност да користи два повеќецевни лансери на ракети со два различни калибри, и тоа од 122 mm и од 267 mm. На возилото може да се постават 2 повеќецевни лансери подготвени за дејство, секој со по 24 цевки со калибар од 122 mm и уште толку резерва или 2 повеќецевни лансери, секој со по 6 цевки, со калибар од 267 mm. Со ракетите од 122 mm се постигнува максимален дострел од 40 km, а со ракетите од 267 mm, дострел од 70 km. Елевацијата на лансерите се движи од 3° до 60°, а по азимут +/- 110°. Придвижувањето на лансерите по елевација или азимут може да се направи автоматски, полуавтоматски или мануелно. Лансерите за ракетите се за еднократна употреба. Замената на повеќецевните лансери се



изведува со помош на кранот HIAB H-DUO 178, кој е поставен позади управувачката кабина на екипажот. Ракетниот систем е базиран на камионската шасија КАМАЗ 6560 со погон 8x8, на која е поставена оклопна кабина за трічлениот екипаж. За самоодбрана на оклопната кабина е поставен тежок митралез и лансери на димни гранати. Целиот систем е автоматизиран и поседува можност за самостојно дејствување, а опремен е со комуникациски системи, сателитска навигација и инерцијален навигациски систем. Системот за управување со борбеното дејство е сместен во кабината, но може да се командува и преку панел за далечинско управување. Возилото е долго 10.5 m, високо 2.8 m и широко 2.6 m. Тежината му изнесува максимум 35 тони. Времето за подготовка за борбено дејство му изнесува 90 секунди, а за напуштање на позицијата од којашто е дејствувано, исто така времето е 90 секунди.

Ивица Дамески



# НАТО ремен за часовник Повеќе од моден додаток

Ако сакате часовници, сигурно сте слушнале за НАТО ремените за часовници. Ако не, тогаш конечно ова е денот да дознаете за неговата историја. Денот кога ќе се запознаете со најудобниот, издржлив и забавен ремен што го нуди светот на часовниците. Ремен што ви овозможува да ја персонализирате вашата гордост, луксузниот часовник, како што е „Ролекс“ или добриот, стар, „Сеико“

Вљубениците во културата на часовници сакаат да ги познаваат часовниците до ситници. Покрај часовникот, и придружните ремени, исто така, се предмет на фасцинација. Ременот за часовникот е како вратоврска, сè поважно дополнување на часовникот, кој сам по себе е моден исказ и кој има своја длабока и континуирана историја. Без разлика дали точно знаете што е тоа НАТО ремен или не, дефинитивно сте го виделе. Тренд елемент кој агресивно влезе во индустријата на часовници, може да се најде на речиси секој часовник, од најевтините па се до најскапите од рангот на „Ролекс“ или „Патек Филип“. Некои заљубеници во часовници можеби се потсмеваат на идејата да се стави ефтин ремен на скап часовник, но НАТО ременот е забавен, функционален и брз начин да го покажете вашиот часовник во ново светло. Во текот на последните неколку години, НАТО ременот во голема мера има тренд нагоре. Светски познатите производителите на часовници го ставаат НАТО ременот како додаток при купувањето на часовник, или го нудат како главна опција за ремен. НАТО ремените за часовник нудат неверојатна вредност бидејќи се толку стилски, разновидни, практични и кул, и сето тоа за малку пари. Секако, можете да купите скап, брендиран НАТО ремен од позната компанија за часовници, но и евтин ремен од некој непознат бренд, па затоа тие се одличен начин да ја направи дури и вашата скромна колекција на часовници да изгледа огромна и да ви даде уште повеќе начини секој ден да го приспособувате часовникот на вашиот изглед.

НАТО ременот е практичен ремен за рачен часовник, со експлицитно воено наследство. Најчесто тој е направен од издржлив материјал, лесен за одржување. Врз основа на неговата конструкција, НАТО ременот за време на енергична активност ќе обезбеди часовникот да остане на раката. Добра вест е дека сега може да се ужива во нивната практичност во огромен спектар на бои, како и со различни хардверски детали, вклучувајќи заоблени или профилирани алки и различни завршетоци. Уште повеќе, покрај асортиманот на сите бои на виножитото од обични, на пруги и шарени, НАТО ремените сега доаѓаат во кожа, гума и перлон, како и во традиционалниот балистички најлон. Колку што знаеме, сè уште нема метални НАТО ремени, но кој знае што може да донесе иднината. Особено најлонските, перлонските и гумените НАТО ремени, по завршување на мисијата зад непријателските линии или, пак, после викендот со кампување, лесно се чистат и подготвени се за секојдневно нормално носење. Тие ќе бидат ваш омилен придружник за време на вашите авантури. Поради тоа, тие се совршен партнер за спортските, нуркачките и тактичките часовници. Менувањето на стандардниот луксузен ремен, исто така

е ефикасен начин да се направи скапите часовници да бидат помалку очигледни и нема да привлечат внимание на вашиот часовник. Без разлика, дали за време на викендите или на работа, стилските, цврсти НАТО ремени се економичен начин да се носат повеќе формални часовници, или едноставно да го менувате вашиот изглед со вашето расположение. Тоа нè доведува до уште една причина зошто треба да поседувате барем еден НАТО ремен. Неколку НАТО ремени со различни бои и материјали се економичен начин да ја проширите колекцијата на часовници и да создате многу можности за нивното носење. За многу луѓе, ставањето висококвалитетен НАТО ремен на супер луксузен часовник е всушност, прилично. Друга карактеристика на сега класичните НАТО ремени е како тие се дополнуваат со толку многу различни типови на часовници во подеднакво широк спектар на работни и рекреативни контексти, можеби со исклучок на најконзервативните работни места и формални настани, НАТО ремените можат да се вклопат практично секаде. Ова е особено важно ако тоа се висококвалитетни НАТО ремени со добри завршни детали. Дали релативно евтиниот НАТО ремен ќе ја намали вредноста на сериозно скапите луксузни часовници? Со субјективноста на стилот и вкусот, главна грижа е дека квалитетот и перформансите на ременот се во согласност со квалитетот и вредноста на вашиот часовник. Сигурноста на ременот на кој го носите вашиот часовник има дефинитивна привлечност кога носите скап часовник и водите активен живот. Сè што би рекле е дека, заради вашиот кредибилитет (и безбедноста на вашиот часовник), треба да бидете сигурни дека знаете како правилно да го наместите и да го носите вашиот НАТО ремен за часовник. Функционалноста и тактичкиот изглед на военоодобрените НАТО ремени се исто

> НАТО ременот е практичен ремен за рачен часовник, со експлицитно воено наследство. Обично, тој е направен од издржлив материјал лесен за одржување. Врз основа на неговата конструкција, НАТО ременот за време на енергична активност ќе обезбеди часовникот да остане на раката

така важни. Министерството за одбрана на Обединетото Кралство знаело што прави кога ги подготвило стандардите пред да нарача илјадници ремени за часовници за персоналот што работи под воени услови. Она што било добро за нив, тогаш веројатно сега е добро за нас. Потоа, следува дилемата за тоа дали треба да се обидете да пронајдете оригинален воен часовник со НАТО ремен од снабдувач одобрен од МО или да изберете ремен од реномиран снабдувач, инспириран од оригиналните НАТО ремени за вашиот омилен часовник. За многумина, класичниот НАТО ремен им одговара на нивните современи часовници. Исто така, тие убаво се надополнуваат на постари, но и на посовремени часовници. Ќе забележите, исто така, дека и многу скапи брендови како „Омега“, „Бремонт“, „Ролекс“, но и производителите на современите електронски часовници како „Епл“, „Самсунг“ и други, исто така ги нудат своите часовници со НАТО ремени. Од многуте видови ремени за часовници, НАТО ременот е најтрајен и најсигурен, направен за опстојување, како што се подразбира од неговото милитаристичко име. Дознајте како издржливиот НАТО ремен бил вткаен во историјата на часовниците и како контроверзноста сè уште го опкружува. Дали ја сакате евтината функционалност, издржливоста или модерниот „тактички“ изглед на НАТО ремените од најлон, перлон, гума или кожа? Дали знаете дека бил создаден во раните 1970-ти години? Пред тоа британските сили имале други стандарди за ремени за часовници кои биле издавани на воениот персонал. Тропските климатски услови на борбените полиња за време на Втората светска војна во Азија и на Пацификот влијаеле негативно врз кожните ремени за часовниците. Како резултат на тоа, британските вооружени сили барале поцврст материјал за нивните ремени за часовници. Британското Министерство за одбрана со стандард имало пропишано часовниците да бидат со фиксни иглички, за низ нив да се провлече ременот. Ремените биле изработувани од различни материјали, вклучувајќи го и американското платно, се до крајот на Втората светска војна, и во суштина биле протипови на НАТО ремените. Потеклото на ременот лежи во едноделните платнени ремени што ги користеле британски пилоти, навигатори и армискиот персонал во Втората светска војна. За да ги направат часовниците од воената зона поцврсти, набавувачите ги замениле игличките со пружина со фиксни. Единечен ремен со широчина од 16 мм станал вообичаен воен ремен за часовник во Велика Британија повеќе од 25 години.
Интересно е што НАТО ременот што го знаеме денес своите корени ги црпи од неколку претходни дизајни на воени ремени како А.Ф.0210, ДЕФ-3 и Торкнек-Равил (ТР-900). Последниот од нив бил светлосив (подоцна сменет во црно), најлонски ремен развиен, со цел да одговара на строгите спецификации на морнарицата на САД за подводни часовници. Како и да е, токму А.Ф.0210 ги поставил првите стандарди за ремен.





Прв пат бил воведен во 1944 година и бил издаван за тропски услови, како резултат на лошата состојба на традиционалните кожни ремени. Тоа бил платнен ремен со црни алки и копец. И покрај тоа што бил претходник на ремените ДЕФ-3, ТР-900 и на НАТО ременот, ременот, според стандардот А.Ф.0210, останал во служба неколку децении, додека не бил повлечен во февруари 1980 година.
Ова нè води кон НАТО и наспроти она што го наведува името, ременот не бил направен специјално за НАТО. Ременот, всушност, дебитирал во 1973 година според стандард на британското Министерство за одбрана, стандард „66-15“. Едноставно наречен „ремен за рачен часовник“, тој била груба и издржлива алтернатива на потрадиционалниот ремен од кожа. Официјалниот ремен бил направен од најлон во една боја, адмиралска сива, и во една широчина од 20 mm. Копецот и алките биле споени со загревање наместо со шиење. Пред ременот да му биде издаден на војникот, тој прво требал да достави пополнет формулар Г1098 до соодветната логистичка единица, кој соодветно довел до неговиот прв прекар, „Г10“. Кога ременот станал пошироко прифатен, името „НАТО“ станало „званично“, повикувајќи се на неговиот НАТО номенклатурен број (NATO Stocking Number - NSN). Според воениот стандард на Министерството за одбрана на Обединетото Кралство „66-47“, постојат две верзии, една за копнената војска и морнарицата (6645-99-124-2986) и една за кралското воздухопловство (6645-99-527-7059). НАТО ремените биле посакувани заради нивните својства за одвлажнување на влагата, идеални за режимот на вежбање што предизвикуваат потење и на дождливата клима на Велика Британија, наспроти кожата, која набубрува и мириса на пот и влага, така што НАТО ременот бргу ги засенил нивните помалку прагматични претходници според популарноста. Од 1973 година, НАТО ременот забележал само мала модификација. Тековната верзија е намалена на 18 mm и сега има алки и копец од нерѓосувачки челик. Во 1978 година, компанија позната како „Феникс“ го презеде производството на НАТО ремените според спецификациите на Министерството за одбрана. Недолго по објавувањето на едноставната „адмиралска сива“, британските воени полкови почнале да носат ремени во чест на нивните соодветни полковски бои во сите бои и комбинации на бои. Првите корисници на НАТО ременот биле привлечени од неговата корисност. Корисноста се уште не е допрена, но сега има буквално стотици ремени со различни бои и материјали што ги продаваат продавачите ширум светот. Ремените се евтини, екстремно издржливи и можат да се приспособат за да се вклопат



со облеката или со расположението. Всушност, повеќето љубители на часовници веројатно имаат повеќе НАТО ремени отколку часовници.
И другите членки на НАТО имаат свои НАТО ремени за часовници. Така, американската војска има УСМ НАТО ремен (US Military - USM). Сличен е на НАТО ременот, но со најлонска алка наместо металните. Ременот наречен ЗУЛУ (исто така наречен и ремен за екстремни услови или едноделен ремен), речиси сигурно потекнува од одделот за маркетинг, отколку од круговите за воени набавки. Овој ремен е инспириран од НАТО ременот и сигурно не е официјален воен ремен. Главната разлика од НАТО ременот е во неговата дебелина, големината и бројот на неговите алки. ЗУЛУ ремените првично се развиле за да се пополни празнината кога другите производители на едноделни најлонски ремени го напуштиле пазарот. Тие последователно станале популарни кај нуркачите и воениот персонал и тие се одличен додаток за секој кој



бара максимална безбедност за својот часовник. РАФ ремените за часовник обично се едноставни едноделни ремени без дополнителни алки или втор ремен, најверојатно поради тоа што часовниците се носат со кожна подлошка под часовникот (оригиналните ремени со подлошка биле воведени од Луфтвафе во 1960-тите). Во зависност од изворот на повикување, алката е направена од ист материјал како и ременот или од метал како стандардниот НАТО ремен.
Го купивте вашиот прв НАТО ремен и се прашувате како да го наместите на вашиот часовник. Постојат неколку начини за тоа како се носи НАТО ременот. Различните начини само ја дополнуваат неговата можност да ја прошират вашата колекција на часовници и да им дадат печат на личниот стил. Тоа навистина зависи од вас, од вашиот личен вкус и од начинот на којшто одлучувате да го носите на вашиот зглоб. За да знаете како да го поставите НАТО ременот на вашиот часовник, почнете со тоа дали сакате ременот помеѓу часовникот и зглобот да биде со единечна или двојна дебелина. Да се носи со единечна дебелина на ременот („единечна јамка“) значи дека ременот е пониско – доволно за се носи под ракавот на кошулата. Со пристапот „двојна јамка“, најпопуларен начин за носење на НАТО ременот, часовникот е повисоко и лежи најудобно и безбедно. Клучна особина на НАТО ременот е второто, пократко парче ремен кое е прикачено на копецот. Бидејќи ременот требало да се користи од страна на војската, требало да биде функционален и сигурен. Дополнителниот ремен има алка на својот крај преку која главниот дел од ременот поминува откако ќе биде протнат низ игличките од часовникот. Ова создава јамка, ограничувајќи го растојанието на кое може да се поместува часовникот. Доколку ременот е наместен правилно и прецизно на рачниот зглоб, часовникот останува токму онаму каде што е потребно. Дополнителна карактеристика на ременот што минува под часовникот е таа што во случај кога игличката ќе отпадне или се скрши, часовникот се уште ќе биде безбеден и нема да падне од раката.
Покрај естетскиот изглед, НАТО ремените што се носат денес ја имаат истата привлечност и практичност како и дизајнот од самиот почеток. Без разлика дали се шарени или еднобојни, НАТО ремените се функционални и се тренд овие години, со потенцијал да одговарат на сите типови на корисници и на сите видови часовници. Ако сакате да ја надополните вашата колекција на часовници и притоа да се забавувате, купувањето на НАТО ремен ќе отвори сосема ново поглавје при уживањето во вашите часовници. Купете го и уживајте!

Александар Стојчевски



# Влечна хаубица „LG1“ 105мм

Хаубицата „LG1“ е првично развиена и наменета како проект кој ќе ги задоволи потребите и побарувањата за огнена поддршка на единиците за брзо распоредување. Во текот на развојот на орудието приоритет е даден на едноставноста при користењето и тежината на орудието. Како целосен проект „LG1“ е производ на воената индустрија „Nexter“ од Р. Франција. Во текот на досегашните искуства на разни армии кои ја имаат како артилериско вооружување, „LG1“ ја докажува нејзината лојалност, веродостојност, маневрабилност, мобилност и огнена моќ. „LG1“ може да се користи во сите временски и теренски услови и може да ги користи сите типови на НАТО муниција 105мм.

Оваа хаубица како дел од своето вооружување ја имаат или веќе го започнале процесот на аквизиција многу земји ширум светот, како што се: Малезија, Белгија, Канада, Сингапур, Колумбија, Индонезија и Тајланд.

„LG1“ е комплетно дигитализирана со инерцијален систем за навигација, глобален систем за позиционирање (GPS) и балистички компјутер на ниво на орудие и на ниво на единица на ранг артилериска батерија. Балистичкиот компјутер (сметач) е производ на „Nexter“ и е наречен BACARA. Компјутеро,т покрај основните функции на пресметување на елементите за гаѓање и менаџирање со орудијата во огнена смисла, овозможува и останати функции како: работа како самостојна единица, интегрира поголема база на податоци, како за набљудувачниците така и за целите, вклучува и метеоролошки пораки, повици за оган и комплетна дигитална карта со многу тактички знаци и симболи.

Карактеристиките на „LG1“ овозможуваат да биде влечена речиси од сите типови на лесни теренски возила 4x4. Може да биде транспортирана со подигање со хеликоптер со специјален сет на опрема за врзување и фиксирање со следниве типови на хеликоптери: „BELL 212“, „SA 330 PUMA“, „UH 60“, „CARACAL“ и останати. Во случај на потреба од авионски транспорт, габаритот на хаубицата овозможува да се сместат и да се транспортираат во внатрешноста на транспортен авион од типот „C130“, 4 хаубици „LG1“.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ХАУБИЦАТА „LG1“ 105мм | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 105 mm |
| НАЧИН НА ПОЛНЕЊЕ | Рачно |
| ДОСТРЕЛ | 17 km |
| ДОСТРЕЛ ПРИ НЕПОСРЕДНО ГАЃАЊЕ | 2 km |
| ТЕЖИНА | 1650 kg |
| ДОЛЖИНА | 5,32 m |
| ШИРИНА | 1,97 m |
| ВИСИНА | 1,34 m |
| ПОСЛУГА | 5 (1 командир и 4 послужители) |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД МАРШЕВСКА ВО ПОЛОЖБА ЗА СТРЕЛБА | 30 секунди |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД ПОЛОЖБА ЗА СТРЕЛБА ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | 30 секунди |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | - 640 илјадити (36 степени)<br>- 6400 илјадити (360 степени)<br>(кога хаубицата кружно е придвижувана на платформа) |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | од: -3 до: +70 степени<br>(од: - 53 до: +1244 илјадити) |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | 12 проектили за една минута |

**Муниција:**

Хаубицата „LG1“ 105мм ги користи сите типови на полусоединети проектили на НАТО стандардна муниција.

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МИНИТЕ ЗА „RTF1“ 120 ММ „OE F1“ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 105 HE ER G3 | 105 HE HB G3 | 105 SMK ER G3 | 105 SMK HB G3 |
| ТИП НА ПРОЕКТИЛ | Полусоединет | Полусоединет | Полусоединет | Полусоединет |
| ТЕЖИНА НА КОМПЛЕТЕН ПРОЕКТИЛ СО ЗАПАЛКА | 18 kg | 18 kg | 18 kg | 18 kg |
| ТЕЖИНА НА БОЕВАТА ГЛАВА | 13 kg | 13 kg | 13 kg | 13 kg |
| ДОЛЖИНА НА ПРОЕКТИЛ СО ЗАПАЛКА | 850 mm | 850 mm | 850 mm | 850 mm |
| ДОЛЖИНА НА БОЕВА ГЛАВА | 568 mm | 568 mm | 568 mm | 568 mm |
| ПОЧЕТНА БРЗИНА НА ПРОЕКТИЛОТ | 685 m/s | 685 m/s | 685 m/s | 685 m/s |
| ДОСТРЕЛ | 17 km | 15 km | 17 km | 15 km |
| ТЕЖИНА НА ЕКСПЛОЗИВНО ПОЛНЕЊЕ | 2,5 kg | 2,5 kg | 2,3 kg (фосфор) | 2,3 kg (фосфор) |
| ТИПОВИ НА ЕКСПЛОЗИВНО ПОЛНЕЊЕ | TNT | TNT | / | / |
| | Comp.B (комбинација од RDX и TNT) | Comp.B (комбинација од RDX и TNT) | / | / |
| | XF | XF | / | / |
| НАЧИН НА ПАКУВАЊЕ | Во зависност од производителот: во индивидуални пакувања, во дрвени сандаци по 2 проектили и по 12 проектили во палети. | | | |




# 75 години од ослободувањето на „Аушвиц“ (2)
# „Идиоте, отворај ја капијата“

Сите бегства од озогласниот логор од Аушвиц не се ништо друго туку неповторливи подвизи на човековиот дух во едно пеколно време во историјата на нашата цивилизација. Меѓутоа, потфатот на четворица полски граѓани, кои со службениот автомобил на Рудолф Хес, комендантот на логорот, избегале од пеколот, има библиски белези и вон временски одглас. Историски факт е дека тој е првиот човек што избегал од озогласениот логор Аушвиц, нема никакво значење за неговата трагична судбина. Сè што е сврзано со тој факт и краткиот животопис на кондураџијата Тадеуш Виејовски, дословно ја потврдува исконската поговорка дека од суденото не се бега. Најпрвин, не е утврдено како стасал во логорот, но според тетовираната бројка 220 на неговата рака, лесно се заклучува дека во најголемото губилиште во Втората светска војна пристигнал со првите заробеници.
Според сочуваната документација, тоа се случило на 14 јуни 1940 година, во време кога никој не можел ни да претпостави дека во малото селце Освјенќим ќе започне изградба на логорот на смртта. Впрочем, Тадеуш, еден од неколку стотини машки заробеници што работеле на оградување на логорот, каде и ќе се запознае со неговите идни спасители, сфатил дека натписот над влезната капија, „Работата ослободува“, нема никаква врска со стварноста. Имено, високите бетонски столбови и бодликавата жица што од утро до мрак ги поставувале околу бараките и под будното око на вооружените германски војници, на Тадеуш му биле прв сигнал дека оттука треба да се избега час поскоро. Работејќи, забележал дека четворица мажи, електричари, без посебна контрола излегувале и се враќале во логорот и решил со нив да се спријатели. Тоа не му било тешко бидејќи сите четворица биле негови земјаци, Полјаци. Тие пак, лесно го прифатиле кондураџијата шегобиец и се согласиле да му помогнат во намерата да избега и да му се врати на својот занает. Му нашле работничка облека, и неполни три недели од пристигањето во логорот, на 6 јули 1940 година, заедно со нив, излегол од казаматот без некој да забележи дека групата електричари се зголемила за уште еден работник. Како и да е, електричарите, несудениот колега го качиле на воз и со малку храна и пари, го испратиле подалеку од смртта. Додека итал кон родното село, Тадеуш не можел ни да претпостави што се случува со неговите спасители, но и со останатите од логорот. А, се случило она што ќе ја наведи вистинската намера на нацистите во „фабриката“, каде работата ослободува. Освен што четворицата електричари добиле свој број и ќотек, командантот на Аушвиц наредил да

се постројат сите 1.311 затвореници и непрекинато да стојат 20 часа. Тадеуш, исто така, никогаш нема да дознае дека за неговата „титула“, првиот што избегал од логорот, е сврзан уште еден неславен историски факт. Имено, стоењето и ќотекот не го издржал несреќниот полски Евреин, Давид Вонгзвицки, запишан како првата жртва во логорот на смртта.
Но, како што веќе рековме, Тадеуш не избегал од пишаното. По една година криење во родното место, налетал на германска патрола и веднаш бил испратен во логорот Јасло, кад бил и стрелан. Познато е дека тројцата од неговите спасители завршил во гасните комори во Аушвиц, а четвртиот ја преживеал и голготата во Аушвиц, но и Втората светска војна.

## Лудата храброст на Бендера и на неговата „банда“

Народски кажано, мајсторите на стравот, Хичкок, Агата Кристи и Жорж Сименон, се аматери во областа на човечкото битисување, во споредба со потфат во кој се впуштиле тројца лудо храбри Полјаци, со сила прибрани во логорот на смртта. Тоа што тие го смислиле и го реализирале, навистина се граничи со лудост, и само како такво можело да се вброи во најспектакуларните бегства од сигурна смрт, во целата човечка историја.
Во анализите на експертите направени по Втората светска војна, настанот има библиска тежина и, во основа е исконски порив на човекот да преживее по секаква цена, без оглед на тежината на потфатот. По војната, еден од јунаците на приказнава, Еугенијуш Бендера, во тие анализи, на експертите им кажал дека ниту еден миг не помислил на она што можело да се случи доколку не помине неговата „непромислена“ лудост. „Решив да избегам и, кога без прашања ми се придружија уште тројца затвореници, инаку цимери од бараката во која бевме сместени, не размислував за ништо друго“. А, за што друго и би можел да размислува човек кој дознал дека се наоѓа на списокот за ликвидација.
Таа вест ја дознал од Казимир Пјеховски, кој имал можност секојдневно да ѕирка во списокот на оние кои биле одредени за ликвидација. И, кога тоа му го соопштил на Еугенијуш, започнала операција на највозбудливото бегство од 1200 нацистички логори ширум Европа. Потпирајќи се на содржината на двата документарци, „Бегалец“ и „Казик и аутото на командантот“, имаме фактографија за тој неверојатен и неповторлив настан.
Еугенијуш, кој во претходните две години не размислувал за бегство од логорот на смртта, на такво нешто се одлучил кога пет дена пред рокот

Давајќи го својот прилог, злосторите да не се заборават за да не се повторуваат, магазинот „Штит“ по повод 75-годишнината од ослободувањето на „Аушвиц“ потсетува на неколкуте легендарни бегства од нацистичкиот пекол што беше лоциран на југот на Полска, во селото Освјеќим. Од фактите, собирани од 27 јануари 1945 година, кога руската Црвена армија го ослободи злогласниот логор, дознаваме дека за четири години од неговото постоење, 928 лица се обиделе да се спасат од гасните комори но, за жал, во тоа успеале само на 196 мажи и жени. Познато е, исто така, дека 331 од бегалците, смртта ги стасала на неколку стотини метри од казаматот

дознал дека оди на стрелање. Тој, веднаш добил поддршка од оној кој му ја соопштил таа вест, од дваесет и тригодишниот Казимир Пјеховски, несомнено главниот јунак на целата операција. По предлог токму на Казимир, во потфатот биле вклучени младиот свештеник Јозеф Лемпарт и поранешниот специјалец Станислав Јастер.
На состанокот, свикан и одржан на 19 јуни, пред една од подзаскриените бараки, Бендера на останатите им го изложил планот. „Ќе бегаме со еден од службените автомобили, бидејќи јас како механичар, без никого да прашам, можам да го повозам секој автомобил од оние што ги одржувам. Пред тоа, од магацинот, сместен зад бараката за јаглен, треба да обезбедиме германски униформи... Убаво замислено, но како утре ќе се реализира, била истата мисла со која се разделиле четворицата храбри Полјаци.
„Мрдни мајоре...“
Утрото на 20 јуни 1942 година во Аушвиц било топло како да е јули. Работите во логорот се одвивале по пропишаниот ред, освен во случајот на четворицата логораши, кои, самоиницијативно се пријавиле да го одвезат сметот собран пред бараките. Дежурниот гестаповец, кај кој се пријавиле, без да провери список со ѓубреџиите за тој ден, само одмавнал со раката и не слутејќи дека ќе стане соучесник во настан со историски последици. Четворката бавно го собирала сметот но кога со големата колица се доближиле до контејнерот, тројцата од нив скршнале кон бараката со јаглен.
До магацинот со оружје и униформи се стигало преку лесна дрвена врата, на која инаку пред тоа никој, освен Казимир, не обрнал внимание. И токму тој прв влегол и молскавично почнал да ги пребарува униформите кои педантно биле наредени на лимените полици. Истото го правеле Јозеф и Станислав, одбегнувајќи ги униформите наменети за нацистичките офицери. Во мигот кога механичарот Бендера стасал во магацинот, сфатил дека повеќе нема враќање назад. Пред него стоеле „до заби“ вооружени германски војници - двајца „обични“ и еден мајор. А, мајорот, бил најмладиот, Казимир Пјеховски, бидејќи тој најдобро зборувал германски јазик, што можело да има клучно влијание на исходот на нивниот потфат. Пет минути потоа, од гаражата во која





стоеле службени возила наменети за потребите на Рудолф Хес, командантот на логорот Аушвиц, излегол супер луксузен „штејер 220„. Тоа е оној автомобил со кој еден од првите соработници на Адолф Хитлер, од Ашвиц до Берлин, стигал најбрзо што можело, но со кој тој, исто така, еднаш месечно, со семејството одел на излет. А кога тој автомобил излегувал од гаража, дежурните германски војници се радувале, бидејќи во таквите прилики безгрижно можеле да им се посветат на своите пасии. И токму тоа била причината што не обрнувале внимание на автомобилот во кој тоа утро влегле тројца нивни „колеги“. Автомобилот, зад чиј волан бил Еугенијуш Бендера, тргнал кон главната капија. Десно од него седел мајорот Казимир Пјеховски, а зад него Станислав Јастер. Попот Јозеф Лемпарт се потел зад шоферот, но најмалку уплашен од претстојниот испит на главната порта на најозлогласениот нацистички логор во прегазената Европа. Последните сто метри до рампата, во автомобилот речиси и да немало дишење. Оние во него знаеле дека за миг или два нивните животи ќе бидат во божји раце. Кога автомобилот застанал на чекор до спуштената рампа, немало вообичаена реакција на дежурните стражари, кога пред капијата ќе стаса службениот автомобил на командантот на логорот.
- Стори нешто Казимире, мајор ли си, се огласил попот Јозеф, удирајќи го по рамо стаписаниот Пјеховски.
Миг потоа, мајорот ја проврел главата низ отворениот прозорец и се развикал:
- Кревај ја рампата неранимајко низаеден. Кога го здогледал чинот на разлутениот офицер, стражарот се втурил кон рампата, отпоздравувајќи му на старешината. Миг потоа, луксузниот автомобил со регистарската табличка СС-20868 заминал кон југ а оние во него, во живот и вечна легенда.
Како подоцна раскажувале, што и не можело да биде поинаку, во наредните 60 километри, до селото Маков Подхалански, немале никакви проблеми. Германските патроли , разместени по патиштата во тој дел на Полска, добро го познавале автомобилот на еден од најмоќните луѓе во Третиот рајх и само дисциплинирано салутирале додека поминувал покрај нив. Во спомнатото село, храбрата четворка се збогувала и секој тргнал на своја страна. За тоа време во Аушвиц била крената невидена тревога и тогаш, за прв пат од неговото формирање, не биле казнети заробениците, туку војниците кои тој ден дежурале во логорот. Сите до еден биле испратени на Рускиот фронт, што инаку значело - во сигурна смрт.



**А, што се случило потоа...**
Мајорот Казимир Каза Пјеховски, клучниот актер во опишаното легендарно бегство на четворката од Аушвиц, имал долг и бурен живот. По завршувањето на војната, поради учество во Армијата на Кројова (антикомунистичко движење во Полска), бил осуден на седумгодишна казна затвор. Откако ја издржал, се вработил како инженер и на почетокот на осумдесеттите години од минатиот век го распродал целиот имот и со сопругата обиколил шеесетина земји во светот. На неколку дена по својот 98-ми роденден, на 15 декември 2017 година, починал во Гдањск.
Личниот шофер на мајорот Пјеховски, Еугенијуш Бендера и главниот механичар во гаражата на командантот на Аушвиц и главен иницијатор за бегството, по војната се вратил во своето семејство. До 1959 година живеле со сопругата и синот во селото Пшедбожу, а по разводот, таа година, се преселил во Варшава каде што и починал во 1970 година.
Попот Јозеф Ламперт, најприсебниот во клучните моменти при бегството од Аушвиц, засолниште нашол во манастирот „Стари Сонч“ на југот на Полска. По војната се распопил, се оженил и добил ќерка. За негова несреќа, по бегството од логорот, нацистите ја уапсиле неговата мајка и ја одвеле во логорот, каде и починала. Апсурдно е што легендарниот бегалец од Аушвиц загинал преминувајќи улица. Имено, речиси блиску до пешачки премин, во градот Вадовице 1970 година на него налетал автобус.
Станислав Густав Јастер е најзагадочниот актер на легендарното бегство од Аушвиц. Иако бил најмлад од бегалците, при краткиот договор за бегство, неговиот став да нема муабет околу тоа „што ќе се случи ако се случи“, бил пресуден потфатот да се изведе „уште утре“, без оглед на последиците. За неговиот живот по војна малку се знае. Има приказна дека уште два пати бил заробуван но, исто така се смета дека работел и за Гестапо. Не е познато кога, зошто и каде загинал.

Миле Раденковиќ





# Елпида Караманди, жена народен херој

Елпида (Пида) Ставрева Караманди била родена во Лерин 1 јануари 1920, а, загинала во Битолско Лавци на 3 мај 1942) – македонска комунистка, учесничка во НОВ и народна хероина од влашка народност

Елпида била родена во влашко семејство во Лерин, Егејска Македонија. Се преселила во Битола откако мајка ѝ се премажила. Елпида во Битола завршила гимназија. Од нејзините школски другари/ки од битолската гимназија потекнуваат револуционери како што бил и Стефан Наумов - Стив. Уште во гимназијата била политички активна, се истакнувала во литературната дружина, на излети, во читање и растурање летоци, во судирите со реакционерната група на Љотиќевците. Во 1938 година Елпида Караманди заминала на студии во Белград и се приклучила кон напредното студенско движење. Меѓу напредните студенти/ки имало многу ученици на битолската гимназија, која таа ги познавала и одржувала врски со нив.
Во 1939 година таа била примена во СКОЈ, после што работела поинтензивно. Била вешта во регрутирањето на нови активисти од редовите на младината.

## Учество во НОВ

По капитулацијата на Кралство Југославија,Елпида работела на подготовките за вооружена борба. Во КПЈ била примена во јуни 1941 година. Револуционерните задачи станувале тешки, опасни и барале максимална посветеност.
Караманди раководела со групите во градот, ги извршувала задачите на СКОЈ и посебно по партиска линија. Нејзината партиска активност ја забележала окупаторската полиција при што ја уапсиле. Во полицијата таа храбро се држи и ништо не признава. Пуштена била од затвор, но знаела дека полицијата ја следи, па затоа по совет на Месниот комитет на КПЈ за Битола таа се повлекла во илегала. Во јануари 1942 година станала членка на Покраинскиот комитет на СКОЈ за Македонија.
Како илегалка не можела да развива голема активност и се подготвувала за на пролет да оди со партизаните.
На 22 април 1942 година пристапила кон Битолскиот партизански одред „Пелистер“, но веќе на 3 мај 1942 година одредот бил опколен од бугарска војска и полиција. Во повеќечасовната борба Елпида покажала извонредна храброст. Еден митралески рафал тешко ја ранил. Потполно немоќна да изврши самоубиство била фатена од полицијата. Храбро го поднела мачењето при што умрела.
За Народен херој на Југославија била прогласена на 11 октомври 1951 година. Елпида Караманди е опеана и во познатата народна песна „Таму ле, мајко, близу Битола“, која ја напишал Ајри Демировски во 1950 година. По неа едно битолско основно училиште со кордост го носи нејзиното име ООУ „Елпида Караманди“.
Нејзиното име – Елпида Караманди е запишано со златни букви во поновата македонска историја.Нејзината храброст и пожртвуваност треба да биде историска читанка за сегашните и идни генерации - патоказ од минатото за сегашноста во иднината.

Антоанела Димитриевска




# Трговијата со луѓе и илегалната миграција

Хотели, мотели, хостели и сместувањата на база ноќевање со појадок подолго време се во постојана координација со организации, вклучително и Светската мрежа за туризам на UNWTO за заштита на децата (на англиски јазик UNWTO – World Tourism Network on Child Protection), потоа организацијата каде секое дете е заштитено од трговија со луѓе – ЕКПАТ (на англиски јазик: Every Child Protected Against Trafficking (ECPAT) и Меѓународното туристичко партнерство – ИТП (на англиски јазик: International Tourism Partnership (ITP), за решавање на современото ропство и трговијата со луѓе. Воедно, организациите во угостителската индустрија водат кампањи за подигнување на свеста, градат алатки, ставаат натписи и обучуваат персонал за тоа што да бараат и како да одговорат и да координираат со институциите за спроведување на законот и со организациите кои се борат против трговијата со луѓе. Исто така, и извештаите за справување со дрога поврзани со бандите и „борделите" во сместувањата изнајмени преку интернет, додадоа нова димензија на овие проблеми. Притоа, истражувањата на оваа тема со право се поврзуват и со економската платформа „Airbnb", која во моментов има околу 7 милиони листи во повеќе од 100.000 градови, што ја прави поголема од осумте најголеми хотелски групи комбинирани заедно. Затоа и „Airbnb" мора да се соочи со фактите дека трговијата со луѓе и модерното ропство се случуваат во изнајмено сместување.

> Најновите истражувања поврзани со трговијата со луѓе и илегалната миграција укажуваат дека ширум Европа има околу 1,1 милиони жртви на трговија со луѓе. Според ООН, скоро една третина од жртвите на трговија со луѓе на глобално ниво, всушност, се деца, а случаите на присилен криминал, проституција и труд се најголем проблем за угостителската индустрија, бидејќи повеќе од 93.000 сексуални робови и 4500 работнички робови се експлоатираат во европските хотели на годишно ниво

## Одговорноста на „Airbnb"

Ставот на „Airbnb" е дека нема „никаква контрола врз однесувањето на домаќините/лицата кои нудат сместување под наем", и ја отфрла





Истражувањата на оваа тема со право се поврзуваат и со економската платформа „Airbnb“, која во моментов има околу 7 милиони листи во повеќе од 100.000 градови, што ја прави поголема од осумте најголеми хотелски групи комбинирани заедно. Затоа и „Airbnb“ мора да се соочи со фактите дека трговијата со луѓе и модерното ропство се случуваат во изнајмено сместување

целата одговорност. Домаќините имаат одговорност да ги почитуваат законите во нивните земји и да делуваат според стандардите утврдени од самата компанија. Но, истражувањето на  Мајкл О’Реган од универзитетот „Бормут“ од Обединетото  Кралство на темата „Airbnb“ открива дека, во практика, прашањето за одговорноста е многу повеќе од тоа кој е законски одговорен.
Според  „Airbnb“, домаќините се одговорни за исполнување на законските услови во нивните земји, како што се собирање данок или инсталирање на монитори/аларми за пожар или јаглерод моноксид, како и придржување кон законите за антидискриминација. Во практика, ова значи дека дискриминацијата е дозволена доколку дозволуваат прописите, ако истите ги нема или не важат за помалите згради во кои живеат сопственици. Всушност, „Airbnb“ во САД е имун на тужби за дискриминација токму поради неговите услови на употреба.
Уште повеќе, некои самоидентификувани домаќини на форумите на домаќини се чини дека се збунети во врска со нивната обврска да се придржуваат до нивните права или да ги игнорираат тие права, како што се собирање данок, достапност на гостите и дискриминација на возраста, со оглед на тоа што повеќето не се лиценцирани даватели на сместување.
Исто така, локалните, регионалните и националните власти, честопати немаат волја или ресурси да се борат или да спроведат постојни регулативи или да иновираат нови закони за да се спротивстават на новите појави и случувања.

## Ризичен бизнис

На платформата „Airbnb“ се потребни само неколку „кликнувања“ за да се направи резервација, а користењето на клучеви за заклучување, „паметни брави“ и тастатури ја намали потребата за интеракција „лице-в-лице“ меѓу домаќините и гостите. Поранешниот глобален шеф на



доверба и управување со ризикот на „Airbnb “, Ник Шапиро, објаснува дека компанијата применува анализа на ризик со вмрежување фотографии на платформата, за да провери дали има знаци на експлоатација. Но, останува нејасно како гостите што не се на списоци за надгледување на регулаторни, терористички или други агенции за санкционирање може да се идентификуваат како ризични или изложени на ризик.
Скрининг во позадина и анализа на ризик се спроведува само во САД а, генерално, домаќините на „Airbnb“ не се обучени како да ја забележат експлоатацијата и трговијата со луѓе. Затоа, на независните форуми, домаќините покажуваат променлив степен на разбирање во врска со нивните одговорности, а „Airbnb“, во врска со модерното ропство и трговијата со луѓе.
Во 2019 година „Airbnb“ се приклучи на работната група на Светскиот совет за патувања и туризам за трговија со луѓе (на англиски јазик: World Travel & Tourism Council task force. Но, „Airbnb“ не координира со тела/органи како што е ECPAT, но се приклучува на глобалните кампањи или ја зголемува свеста кај домаќините или гостите.
Постојат јавни повици упатени кон „Airbnb“ да се осигура дека домаќините ширум светот ќе спроведат обука за да препознаат знаци на деца во ризик и да пријават инциденти во полиција.
Исто така, и практиките за ангажирање во рамките на екосистемот „Airbnb“, исто така може да резултираат во експлоатација. Така, на пример, компаниите за управување со имот често ангажираат жени од различни националности (раси) и жени-мигранти да чистат куќи. Честопати, овие жени се ранливи, заработуваат ниски приходи и немаат работнички права. Воедно, тие имаат тенденција да не се унифицираат, бидејќи синдикатите не се подготвени да поддржат модел што

> Домаќините на „ Airbnb “ не се обучени како да ја забележат експлоатацијата и трговијата со луѓе. Затоа, на независните форуми, домаќините покажуваат променлив степен на разбирање во врска со нивните одговорности, додека „Airbnb“, во врска со модерното ропство и трговијата со луѓе. Постојат јавни повици упатени кон „Airbnb“ – да се осигура дека домаќините ширум светот ќе спроведат обука за да ги препознаат знаците кога децата се во ризик и да пријават инциденти во полиција

може да ги зголеми вкупните трошоци за кирии и храна на вработените со полно работно во угостителската индустрија.
Затоа, иако многу бизниси од угостителската индустрија имат направено реформи и се вклучени во кампањи за идентификување на практики што водат до експлоатација, во моментов не постои официјална и функционална глобална програма на „ Airbnb“ низ сите земји.

**Тенденција за промени**

Европската унија веќе покажува дека може да изврши притисок врз „Airbnb“, со цел да се промени во однос на заштитата на потрошувачите. Воедно, и компанијата покажува дека може да изврши контрола над домаќините за исполнување на регулативите, со склучување билатерални договори со туристичките власти за да соберат разни даноци.
Во меѓувреме, пак, други компании од овој тип бизнис додаваат значење на темата и го подигнуват нивото на услугите. Така, платформите за споделување на возење „Uber“ и „Lyft“, неодамна имат објавено дека ќе ги учат возачите како да ги забележат трговците со луѓе и нивните жртви во некои региони. Тоа значи дека постои јасен простор за дејствување по прашањата на трговија со луѓе, експлоатација, ропство и дискриминација, преку платформи како што се овие.
Постоењето на иницијална јавна понуда (на англиски јазик: IPO) на „Airbnb“ дава можност да се изврши притисок и да се тестира решеноста на компанијата да ја зголеми својата транспарентност и одговорност низ 191 земја каде што функционира.
Мерките може да вклучуваат давање/доставување на регистри на домаќини до властите, зголемување на транспарентноста преку годишно известување, потпишување на кодексот на однесување за заштита на децата од сексуална експлоатација при патување и туризам и додавање слики од станови/сместувања на „Airbnb“ во бази на податоци, што би помогнало полицијата да ги пронајде трговците со луѓе.
Затоа, веќе е време „Airbnb“ да го следи угостителскиот сектор и да заземе поактивен став против модерното ропство и трговијата со луѓе.

м-р Билјана Поповска
*Адаптирано од Michael O'Regan, Bournemouth University , https://theconversation.com/airbnb-must-face-the-facts-human-trafficking-and-modern-slavery-happenin- rented-accommodation-124933*







# Уште еден врв до целта

Разговор со Жаклина Антевска, припадничка на Армијата, вработена во Командата за операции и планинарка во слободното време

Кумановката Жаклина Антевска, вработена во Командата за операции од кумановската касарна, искачила вкупно 34 врвови со над 1000 метри надморска височина во државата, а и останува уште еден врв, и со тоа ќе ја заокружи целата држава. Планинарството ѝ е хоби со кое почнала да се занимава во 2013 година. Таа има цел да искачи 35 врвови во државата но, исто така, искачила и бројни планини во државата и на Балканот.

„Со сопругот најпрвин пешачевме по градот. Пешачењето навистина нѐ релаксираше. Набргу се забележаа првите здравствени придобивки, а после тоа се чувствувавме и поенергични. Решивме спонатно да почнеме со тури по планините. Прvin, со оние во нашиот крај, а потоа низ целата држава", раскажува Антевска.

Секоја планина има свои убавини, но сите се испреплетуваат во заедничка приказна, спојувањето со природата, враќање кон исконската потреба на човекот да биде дел од она што го опкружува, нејзината истовремено застрашувачка и исцелителна моќ.

Жаклина сега е член на ЗПЗП „Козјак 2013" во Куманово, а претходно планинарела самостојно, но и со сопругот и со пријателите.

„Подготовките за секоја наредна тура почнуваат уште на почетокот од неделата. Се следи временската прогноза, консултираме метеоролог кој ни дава детаљна временска прогноза за викендот за одредена локација. Временската прогноза ја следиме и од различни сајтови. Доколку условите се поволни, тогаш ја планираме турата", вели Антевска.

Најчесто изборот за посета на планината е случаен, инспириран моментално или од нечие претходно искуство или, пак, од фотографии. По добиените информации за временските услови, почнуваат личните подготовки, што вклучува соодветна опрема за времето, заштита од сонце, поголеми количини на вода, специфични додатоци за чизми итн.

Кога е на планина, не и недостига забава, таа има пријатни разговори со пријателите и блиски средби со животните. Планината има и посебен мирис кој се впива во планискиот чај, во различните тревки кои ги бере Антевска, но ги бере само оние тревки кои ги разбира. Неретеко посетува и села во кои речиси и да нема жители или места со само двајца или тројца повозрасни лица.

„Кога одиме во село Длабочица во Козјачијата, честопати нѐ пречекува постар брачен пар кој се радува на нашите посети, нѐ пречекува како да сме роднини. Убави се средбите со нив. Народот во планините е подружељубив", раскажува Антевска.

Антевска требала да учествува во обуката која ја спроведува Планинарската федерација за жени-водичи. Обуката е одложена поради актуелната состојба со вирусот COVID 19.

На Антевска и останува да освои уште еден врв. Нејзината мисија ќе се исполни кога ќе заврши оваа состојба. Дотогаш ѝ останува да ги разгледува фотографиите од нејзините планинарски тури.

Александра Максимовска




# Што може да научиме од вирусот „Корона“?

Во оваа војна против вирусот потребна е сплотеност од основната ќелија, семејството, па сè до највисоките државни и меѓународни институции. Потребни се брзи, храбри, одлучни и координирани одлуки и акции на сите нивоа. Вирусот „Корона“ е огледало на нашата цивилизација, можност да се реорганизираме, да живееме поинаку. Границите се затвораат, туристичките дестинации се празни, туристичката сезона е под знак прашалник, економска рецесија нè ни бега, училиштето се сели на ТВ екраните, има насоки „јавете се на доктор по телефон, не одете кај него“. Чувствително е да се пишува оптимистички за болеста COVID 19, популарно наречена „Корона“, поточно за нејзиното влијание врз нашите животи. Смирувачките

Светот е во војна со досега најмоќниот и најсуровиот непријател – невидливиот вирус COVID 19. Непријателот не бира ни држави ни континенти, ниту вери и нации. Ова е опомена, тест и казна на човештвото кое докажа дека не го почитува својот дом, планетата Земја. Имаме право на поправен испит, ама немаме право на грешка

напори се секогаш балансирање во зоната на прифатливото, со излети до невозможното.

Кои сме, всушност, ние? Со години, ова прашање се поставува како проблем во врска со прашањето за идентитетот спротивставено со националистички, колективни наративи. Но, сега, контекстот се менува, „ние“ сме „сите луѓе во една област“ или едноставно, „ние“ сме луѓето. Промената може да е важна или неважна, но дефинитивно не е конечна. „Ние“ не сме само луѓе. Крајната цел на оваа промена е можен потсетник дека „ние“ сме живи суштества и живот.

Што ни е на нас животот? Многу нешто знаеме за него, но тој е и многу повеќе. Вирусите се живот. Без разлика дали некој ги создал или едноставно се дел од екосистемот развиен од еволуцијата. Екосистемот е оној што

го има се помалку. Не, тоа не се само дождовните шуми и савани, тундрите, океаните или пустините од училишните лекции по природа и општество. Екосистемот е наше секојдневие. Стигна и COVID19 од тој екосистем, кој го има сè помалку. Нема баш многу места каде да се живее, бројот на животни и на животински видови драматично се намалува, им исчезнува просторот за живеење. Во моментов, на вирусот му е добро, пронајде ново живеалиште, сега е во дијалог со новиот „homo sapiens“. Досега дијалогот не е многу успешен, а можеби е, кој го знае тоа. За жал, луѓето не се баш најдобриот вид за дијалог со природата и се почесто се водени од девизата: Зошто разумно ако можеш насилно?!
Промената е важна. „Ние“ не сме само луѓе, туку и уништувачи на шумите, на зеленилото, убивачи на животните и на растенијата. Нивното третирање како наши слуги - има цена. Всушност, нема цена, затоа што животот не тргува, туку луѓето го прават тоа. Полесно ни е да разбереме ако објаснуваме со цена и со пари. Треба да сме свесни дека не може да се уништува животот околу нас (да никнуваат нови згради, терени за голф  и слично покрај патот), без да се очекува наплата за тоа. Мора да сфатиме дека животот е поврзан, дека сите ние сме зависни едни од други и дека прогласувањето на пчелата за најважното живо суштество не е симпатичен и предупредувачки гест, туку неопходно знаење на ниво на учење на буквите од азбуката, Овој вирус би можел да ни биде добар учител. Всушност, токму така и се однесува вирусот, низ чудни коинциденции: масовниот туризам, една од најголемите деструктивни гранки на човековата активност, стивна; се забележува отсуство на загаден воздух над Кина поради затворањето на фабриките; властите ја засилија меѓусебната комуникација и соработка; интересот за наука расте; почнавме редовно да ги миеме рацете; започнавме да обрнуваме внимание на физичките контакти што ги имаме со другите луѓе; зголемен е интересот за Светската здравствена организација (СЗО), која и самата беше пријатно изненадена од зголемениот број следбеници на социјалните мрежи; фокусот е ставен на достапноста и квалитетот на здравствените системи за сите; во моментов, вистински големи воени напади врз луѓето се целосно бесмислени; национализмот и шовинизмот се покажуваат жилави, но се „истуркани“ на маргините; засега се погодени побогатите и повлијателните луѓе, дури и повеќе од сиромашните, а најмалку децата.

> Границите се затвораат, туристичките дестинации се празни, туристичката сезона е под знак прашалник, економска рецесија нè ни бега, училиштето се сели на ТВ екраните, има насоки „јавете се на доктор по телефон, не одете кај него“

Има уште многу да се каже, но ова не е приказна за добронамерноста на еден вирус, тоа не постои, ниту постои злонамерност. Секој живот се бори за својот простор, па така е и со вирусот „Корона“. Палење на шумите, уништување на огромни пространства, убивање на активисти за животна средина, сето тоа за жал се прави заради профит, пари, не дека мора туку, дека се бара, народски кажано, „преку леб, погача“. Короната нè не гуши, но не затоа што нè мрази или затоа што ужива во секоја мерка, туку вирусот едноставно сака да живее. Тука е разликата. Да се најде мерка за се што е потребно, соживот меѓу сите живи суштества. Не се растенијата тука за да ни служат, ниту животните. Да живееме заедно, едни со други, но не едни на штета на други. Тоа е, всушност, предизвикот што претстои пред нас.
Засега се постигнуваат добри резултати во целата оваа ситуација. Човековото здравје е над економскиот раст, што до скоро беше незамисливо. Се помиривме, се забавивме, се самоизолираме. Тоа е она што е неочекувано, изненадувачко, ново. Како и повеќето работи во животот, постои неизвесност, сите насоки се пред нас. Имаме можност за избор.
Овој вирус не е закана за туристичката сезона, не е причина за рецесија, ниту е удар за нашата благосостојба. Се поставува прашањето - чија благосостојба, на оние две третини од човештвото без вода за пиење секој ден? На оние 24000 деца кои секојдневно умираат од глад? Нашиот начин на живот е проблем, нашиот - човечки, но не на сите луѓе, туку на оние кои се привилегирани. Оние кои имаат храна секој ден, покрив над главите, пристап до училиштата и до болниците, до судовите. Сите оние кои возат автомобили произведуваат С02 во огромни количини со летањето со авиони, се произведуваат тони ѓубре. Тоа е проблемот.
„Короната“ е тест и предизвик. Не е премногу опасна, но е многу брза, со талент за избор на сопственик. Ова е можност да се реорганизираме. Сега имаме можност да бидеме различни, да живееме поинаку, да внимаваме на оние „непродуктивните“ - старите лица, болните, децата. Отворен ни е „прозорец“ да го гледаме масовниот туризам како штетен, како начин за бегство од самите себе. Дури често не ни уживаме, главна цел, всушност, е да им се јави на другите преку социјалните мрежи дека сме на пат, дека сме успеале да уживаме, во надеж дека ќе ни поверуваат дека навистина уживаме во посетата на дестинацијата додека ставаме милиони „селфија“, без нималку интерес за се она што е вредно да се види и да се доживее. Самоизолација две седмици? Лудост. Што ќе правам дома две седмици? Ни доаѓа на памет гледањето ТВ, користење на интернет, фејсбук, спиење, прејадување и алкохол.





Мора да сфатиме дека животот е поврзан, дека сите ние сме зависни едни од други и дека прогласувањето на пчелата за најважното живо суштество не е симпатичен и предупредувачки гест, туку неопходно знаење на ниво на учење на буквите од азбуката,. Вирусот „Корона“ би можел да ни биде добра учителка





Бегство до бегство. Кога последен пат сме биле сами со себе? Со најблиските?

Вирусов е огледало на нашата цивилизација. Што гледаме? Можност да го уништиме или можност за промена? Целото морално учење на оваа култура на експлоатација на другите е сумирано во реченицата на човекот кој заздравел, односно се излечил од инфекцијата со вирусот: „Најтешкото беше што постојано мислев беше дека можам да заразам некого“. Тоа е голем чекор напред. Сега имаме можност да бидеме различни, да живееме поинаку, да внимаваме на оние старите лица, на болните, на децата. Отворен е „прозорец“ за да го видиме масовниот туризам како штетен, како начин на бегство од самите себе во кое не ни уживаме.Промената можеби е, а можеби и не е важна, но дефинитивно не е конечна. Всушност, „ние“ не сме само луѓе. Крајната цел на оваа промена, можеби, е потсетување дека „ние“ значиме живи суштества, сите суштества, живот.

Има уште многу да се каже, но ова не е приказна за добронамерноста на еден вирус, тоа не постои, ниту постои злонамерност. Секој живот се бори за својот простор, па така е и со вирусот „Корона“.

Мора да сфатиме дека животот е поврзан, дека сите ние сме зависни едни од други и дека прогласувањето на пчелата за најважното живо суштество не е симпатичен и предупредувачки гест, туку неопходно знаење на ниво на учење на буквите од азбуката,. Вирусот „Корона“ би можел да ни биде добра учителка.

м-р Елизабета Ташковска
(адаптирано од http://www.h-alter.org/vijesti/cemu-nas-korona-moze-nauciti)

# Питомците на Воената академија на обука во скијање



Колашин е живописно планинско место со околу 3000 жители, кое е сместено 70-тина километри северно од Подгорица, главниот град на Црна Гора. Со својата природа и зимските пејзажи ги краде срцата на посетителите, додека скијачките патеки се совршени места скијачите да ги испробаат своите вештини, но и почетниците да се обучат и се запознаат со магијата на скијањето. Токму таму, во периодот од 4 до 12 март 2020 година, се реализираше обуката во скијање со питомците од XXII класа на Питомечкиот баталјон. Како и претходните години, така и овојпат бевме пречекани и сместени од љубезните домаќини на касарната „Бреза“, на чело со нивниот командант. Питомците, предводени од нивните старешини, командирот, мајор Ѓунет Веџиоски и неговиот помошник, постариот водник 1. класа Орхан Велиоски и инструкторите по скијање, професорот по физичко воспитување, Горан Астарџиев, и наредниците Лазар Веланов и Борче Петровски, во целост ја реализираа обуката предвидена со наставните планови и програми.
Во прекрасна атмосфера, на терените на планината Бјеласица, на над 1600 метри, питомците ги совладуваа основните техники на скијањето како што се плужење, плужење до застанување, плужни завои, плужење со спуст право и плужење до застанување, кос спуст, кос спуст со основен завој. Дел од питомците отидоа и малку понапред со техниката, вежбајќи ги и практикувајќи ги и паралелните завои.
При изведувањето на сите овие техники и вежби, забележителен беше огромниот морал, посветеност и огромна желба, упорност и дисциплина која питомците ја манифестираа при стекнувањето на новите знаења поврзани со скијањето. Токму затоа, питомците за релативно кратко време т.е. за само седум ефективни дена за обука и во релативно тешки услови за скијање, со успех ја завршија предвидената обука и научија да скијаат.
На крајот, можеби, и најважно е тоа дека питомците, од планината Бјеласица и од гратчето Колашин ќе понесат со себе незаборавни случки, спомени и доживувања кои веќе и ги прераскажуваа враќајќи се кон дома и кои сигурно ќе ги паметат до крајот на нивната кариера и нивниот живот.

На Воената академија „Генерал Михаило Апостолски, освен кадети од Република Северна Македонија, се школуваат и кадети од неколку соседни држави. Соработката на Воената академија со министерствата за одбрана на овие земји е на високо ниво, а особено предничи соработката со Министерството за одбрана и Вооружените сили на Црна Гора. Во таа насока, на питомците на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, секоја година им се овозможува, заедно со дел од своите професори и старешини, да реализираат обука по скијање на прекрасните падини и скијачки терени на планината Бјеласица, во околината на Колашин

Горан Астарџиев



# „1917“

И во месец април продолжуваме со уште едно звучно филмско остварување од изминатата година во воениот жанр, кој се најде и на престижната листа на „оскаровци“ на овогодинешното 92. издание, насловен како „1917“. Тематски, овој филм на холивудскиот режисер Сем Мендес, закитен со веќе еден „Оскар“ за „Американска убавина“, е фокусиран на мисијата на двајца британски војници кои мораат да стигнат до четата „Д“ за да пренесат исклучително важна порака. Нивната сага до таму подразбира пробивање на линијата на Западниот фронт и провлекување низ окупирана територија од страна на Германците во екот на Првата светска војна, кога телефонските линии се прекинати и не постои друг начин да се оствари комуникација. За сето тоа да го направат, војниците имаат многу кратко време. Дали ќе успеат да ја завршат мисијата и зошто, всушност, таа порака е толку важна?

## Протнување низ „ничија земја“

„Избери уште еден и дојдете веднаш кај генералот Еринмор“, вака младиот, веројатно во доцни тинејџерски години, војникот Блејк, е повикан да се упати кај неговиот претпоставен во ровот. Мислејќи дека станува збор за уште една рутинска задача, тој го одбира неговиот пријател, за нијанса поискусен војник, Шофилд, да учествува во задачата. Но, спротивно на очекувањата, генералот Еринмор има необично и исклучително тешко барање до нив - итно да пренесат порака до генералот Мекензи на фронтот кој се подготвува да и зададе силен удар на германската војска во повлекување. Пораката е дека нападот кој го планира Мекензи со својата чета, мора да биде откажан, затоа што наспроти верувањата дека германските сили се ослабени и се повлекуваат, последните авионски снимки покажуваат дека, всушност, станува збор за добро планирана заседа и целата чета „Д“ ќе биде масакрирана од многу побројна непријателска војска која подготвено ги очекува. Блејк е избран поради неговото чувство за ориентација и вештото оперирање со мапи кое треба да го однесе до местото каде се ситуирани, но и поради тоа што во четата која ќе биде погубена е и неговиот брат, па за Еринмор тоа е дополнителна причина дека делегираниот курир навистина ќе даде сè од себе за да стигне до нив. Мисијата би била навистина лесна доколку станувавше збор за стигнување до одредено место, но она што ја прави целата задача исклучително опасна е фактот дека никој не е целосно сигурен дали на таа „ничија земја“ која треба да ја поминат нема останато германски војници и дали живи ќе успеат да стигнат до целта.









## Пеколот на земјата

Филмот „1917“, всушност, низ една исклучителна приказна се обидува да ни го пренесе хоророт од „Големата“ војна. Самиот филм започнува со животот на војниците во рововите кои се длабоко деморализирани, исцрпени, без енергија, и кои едвај прават разлика меѓу животот и смртта. Тие не го знаат ниту месецот во годината, ниту денот. Во нивниот ров не постои време. Нивни пријатели се глувците со кои го делат живеалиштето, но едвај и храната, бидејќи таа сама по себе е луксуз. Кога започнува патувањето на Блејк и Шофилд, гледаме друг тип на хорор, оној кој постои надвор од границите на ровот, но е многу посуров. Таму летаат куршуми, бомби и гранати но, сепак, она кое ќе ја преполови двочлената екипа е наивноста на Блејк кој заборава дека хуманоста во војна не постои. Обидувајќи се да му помогне на повреден германски војник чиј авион само што се срушил, Блејк ќе ја плати цената со неговиот живот, но успешноста на мисијата ќе ја остави како аманет на неговиот пријател и ќе го задолжи да ја исполни, бидејќи животите на 1800 луѓе зависат од тоа. На својот пат, Шофилд неколкупати ќе се сретне со Германците во неколку последователни, визуелно врвно изработени сцени од кои највпечатлива е можеби онаа кога Шофилд, во бегство, скокнува во реката, за после неколку брзаци да се најде во течението од мртви, полураспаднати тела. Самиот режисер, Сем Мендес, ќе рече дека за оваа сцена имал амбиција да изгледа како главниот протагонист да плови низ митската река Стикс, на границите од пеколот. Но, наместо во пеколот, неговото пловење по реката завршува во спокојната, но, тажна песна на војникот од четата „Д“, а, истовремено и песна која ја носи епската нота на подвигот на дваjцата војници.

## Вистинска приказна од фамилијарното стебло

Филмот „1917“ е снимен според мемоарите на Алфред Мендес, дедото на режисерот, и е базирано на неговите воени искуства од Првата светска војна, како седумнаесетгодишник. За време на војната тој служел како курир



и пренесувал пораки, токму поради неговата мала телесна висина која му овозможувала да се движи лесно и незабележано низ маглата која често била само малку над неговата глава, исто како во филмот, многупати низ ничија земја. Алфред поминал две години од животот во каллив ров, но, не зборувал за она кое го видел и го доживеал таму, се до неговата 70-годишна возраст. Сем Мендес самиот ја презема задачата да ги трансформира мемоарите на неговиот дедо во сценарио што, всушност, е и неговото прво драматуршко остварување, но не и прв филм во овој жанр како режисер. Датумот кога временски се одвива дејството е 6 април 1917 година, значаен датум во историјата, бидејќи го означува денот кога Америка се инволвира во војната, но не е и точен датум на реалните настани. Повлекувањето на германските сили кое е опишано во филмот, всушност, е вистински настан познат како „Операцијата Алберич“, во која непријателите, со цел да обезбедат подобра одбрана, се решиле за тактички чекор на повлекување зад линијата Хинденбург, притоа зад себе оставајќи мрежа од стапици и замки за евентуални посетители на нивните ровови, исто како што е и претставено во филмот. Дополнителна импозантност на филмот е тоа што е сниман за да симулира еден кадар, а притоа камерата успева успешно да ни ги прикаже и јунаците во контекстот и амбиентот, но одвреме-навреме и да се сврти од аспектот на нивното гледиште, како да гледаме со нивните очи. Единствениот видлив и забележителен прекин е кога Шофилд се онесвестува и се буди среде ноќ, во веќе сосема поинаков амбиент. Подготовките и пробите на актерите за филмот траеле 6 месеци пред да започне неговото фактичко снимање. Многумина филмот ќе го наречат „кинематографска гозба за очи“, а доказ дека за тоа е и фактот што „1917“, воедно е и првиот воен филм по речиси половина век, којшто е номиран за „Оскар“ во категоријата за визуелни специјални ефекти, после „Патон“ и „Тора! Тора! Тора!“ од 1970 година. Ако сте љубители на филмови кои се добитници на наградата Оскар и вашиот вкус се совпаѓа со оној на Американската филмска академија, тогаш овој филм може уште веднаш да влезе на листата на филмови во овој период на изолација во нашите домови, кога самата наша држава води тешка битка, но од поинаков тип.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Sam Mendes

**Сценарио:** Sam Mendes, Krysty Wilson-Cairns

**Улоги:** Dean-Charles Chapman, George MacKay, Daniel Mays, Colin Firth, Benedict Cumberbatch, Andrew Scott, Mark Strong

**Кинематографија:** Roger Deakins

**Музика:** Thomas Newman

**Визуелни ефекти:** Guillaume Rocheron, Greg Butler, Dominic A
**Земја:** САД, Велика Британија

**Година:** 2019

**Награди:** „Оскар“ за најдобри визуелни ефекти, за најдобра монтажа на звук и за најдобра кинематографија, две награди „Златен глобус“, седум награди „БАФТА“ и многу други номинации и награди



# Хераклеа Линкестис – археолошки локалитет

Хераклеа Линкестис е градска населба, основана кон средината на IV век пред н.е. од страна на кралот Филип II Македонски. Се наоѓа на јужната периферија на градот Битола во подножјето на планината Баба. Населбата го добила името според Херакле, митскиот јунак и градоначалник на македонската кралска династија Аргеади. Епитетот линкестис, со значење „линкестидска", доаѓа од називот на регионот Линкестида во кој се наоѓал градот, а во кој живеело древното македонско племе Линкестиди.

Античкиот локалитет Хераклеа Линкестис во Битола е прогласен за споменик на културата од прва категорија, со исклучително и универзално значење. Зафаќа површина од околу 4 хектари, од кои 1300 м2 се мозаични површини.

Со грижата, негувањето, чувањето, презентирањето, систематското археолошко истражување, континуираната заштита, конзервацијата на архитектурата и ревитализацијата на Римскиот театар, оживувањето на „Хераклејските вечери", богатиот пропаганден материјал, нејзината посетеност, Хераклеа се вбројува меѓу ретките музеи на отворено.

Богатиот археолошки материјал од досегашните истражувања како репрезент на античкиот период, во најголема мера е презентирано во археолошката поставка на Битолскиот музеј, како и во археолошката поставка во самиот локалитет Хераклеа. Во простор од околу 50 м2 се изложени материјали и предмети од I век пр.н.е. до VI век од н.е. Изложени се предмети од керамика, метал и стакло. Најзастапени се монетите, накитот, предмети за секојдневна употреба и бронзена пластика. Централно место во оваа музејска поставка зазема макетата на Римскиот театар.

Делот од Хераклеа кој најмногу не поврзува со цивилизацијата која живеела тука пред стотици години е мозаикот на подот од нартексот на големата базилика. Мозаикот содржи три елементи: небото, земјата и водата. Распоредот на елементите е сличен на останатите пронајдени космолошки претстави од ранохристијанскиот период – небесниот свет во центарот, концентрично развивање на земјата околу него и водниот свет кој ја врамува целата композиција. Овие примери, покрај својата декоративност, претставуваат симболични прикази на космосот кои ни помагаат да го разбереме тогашното согледување на светот.

Мозаикот претставува врвно уметничко достигнување од ранохристијанскиот период. Неговото симболично прикажување на христијанските догми претставува инспирација и за многу други мозаици од подоцнежниот период во регионот. Археолошкиот локалитет Хераклеа е заштитен како културно наследство на Република Македонија.

Кристина Илиевска









